Eskavatori
CONSTRUCTION COMPANY
Magjistralla Ferizaj-Prishtinë
70000 Ferizaj, Republic of Kosovo
eskavatoricompany@gmail.com

Eskavatori-MK DOOEL
CONSTRUCTION COMPANY
St. Skupi 67/2-floor, 1000 Skopje,
Republic of North Macedonia
office@eskavatorimk.com

Проект:	**ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НЕКЛАСИФИКУВАНА ИНФРАСТРУКТУРА СО НАМЕНА Е3.1 – ЛОКАЛНИ ДЕПОНИИ ЗА ОДЛАГАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД - ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД ВО ОПШТИНА ВИНИЦА** Нацрт извештај
Договорен орган:	**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ** **СЕКТОРОТ ЗА ЦЕНТРАЛНО ФИНАНСИРАЊЕ И СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОРИ (CFCD)**
Корисник:	**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ И ОПШТИНА ВИНИЦА**
Имплементатор:	**ЕСКАВАТОРИ-МК ДООЕЛ УВОЗ-ИЗВОЗ СКОПЈЕ**

Содржина

ВОВЕД 4

1. ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ 8

1.2 Специфични цели на Стратегиската оцена 12
1.3 Употребена методологија 15
1.4 Законодавна рамка 17
1.5 Институционална рамка 18
1.6 Содржина на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина 21
1.7 Резиме 22

2. ПРЕГЛЕД НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ 23

2.1 Основи на Планскиот документ 23
2.2 Плански опфат 25
2.2.1 Проектни барања за градбите во проектниот опфат 26
а) Општи барања 26
б) Посебни барања 26

3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРОСТОРОТ И СЕГАШНА СОСТОЈБА СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 28

3.1 Карактеристики на просторот 28
3.2 Опис на сегашната состојба со животната средина во планскиот опфат 32
3.3 Сегашни проблеми со животната средина во и околу планскиот опфат 43

4. СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ 44

5. АЛТЕРНАТИВИ И ЧИНИТЕЛИ ЗА ИЗБОР НА АЛТЕРНАТИВА 45

6. ПРЕТПОСТАВЕНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 47

7. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И НЕУТРАЛИЗИРАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИТЕ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОД ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ 62

8. ПЛАН НА МЕРКИ ЗА МОНИТОРИНГ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 80

8.1 План за мониторинг на животната средина 82

9. НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОК 89

10. ПРИЛОЗИ 92

Прилог 1 Допис бр.2001-3834/2 од 01.09.2022 год ЈП Железници..... 94
Прилог 2 Допис бр. 12-8/910 од 29.08.2022 год. Од Агенцијата за цивилно воздухопловство..... 95
Прилог 3 Допис од ЕВН (допис бр.10-26/4-202 од 30.08.2022 год.) 96
Прилог 4 Известување од АД МЕПСО (допис бр.11-4753/1 од 05.09.2022 год.) 97
Прилог 5 Допис од Телеком (допис бр.45459 од 01.09.2022 год.)..... 98
Прилог 6 Допис од АЕК (допис бр. 1404-2511/2 од 09.09.2022 год.)..... 99
Прилог 7 Допис бр. 11.2.99955/2 од 26.10.2022 год. 100
Прилог 8 Допис од НЕР (допис бр. 15-2536/2 од 31.08.2022 год.)..... 101
Прилог 9 Допис бр. 11-7342/4 од 02.11.2022 год. Министерството за животна средина и просторно планирање, Сектор природа..... 102
Прилог 10 Допис бр. 11-2573/2 од 20.10.2022 год. АД Водостопанство 103
Прилог 11 Допис бр. 08-2671/2 од 19.10.2022 год. Управата за заштита на културното наследство при Министерство за култура..... 104
Прилог 12 Услови за планирање тех. Бр. Y42322..... 105
Прилог 13 Местоположба на локацијата и ружа на ветрови 106
Прилог 14 Извод од просторен план – користење на земјиштето 107
Прилог 15 Извод од просторен план – систем на населби и сообраќајна мрежа 108
Прилог 16 Извод од просторен план – водостопанска и енергетска инфраструктура 109
Прилог 17 Извод од просторен план – реонизација и категоризација на просторот за заштита 109
Прилог 18 Географска местоположба 111
Прилог 19 Сателитска снимка..... 112
Прилог 20 Уверение за положен стручен испит за стекнување статус експерт за стратегиска оцена на животната средина 113

Вовед

Урбанистичко проектната документација се изработува согласно член 58 и член 59 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 32/20). Предмет на изработка е Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Виница. Оваа проектна документација се изработува по прифатена Иницијатива за изработка на урбанистичката документација.

Оцената на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина и здравјето на луѓето е постапка со која се проценуваат влијанијата врз животната средина и здравјето на луѓето од спроведувањето на предложените плански документи, со цел потенцијалните влијанија да бидат земени во предвид уште во најраната фаза на донесувањето на одлуки поврзани со планирањето на просторот.

Спроведувањето на Стратегиската оцена на влијанијата на планскиот документ врз животната средина обезбедува креирање на мерки за заштита на животната средина и здравјето на луѓето во процесот на подготвување и донесување на планските документи преку експертска проценка и вклучување на јавноста пред донесување на истите, а со цел донесување на одржливи плански решенија.

Подготовката на планскиот документ ги дефинира и јасно ги утврдува основните, а со тек на време и реалните цели и правци во доменот на земјоделството, шумарството, енергетиката, индустријата, туризмот, управување со отпадот, управување со водите, просторното и урбанистичко планирање и користење на земјиштето, како и Националниот акционен план за животна средина и локалните акциони планови за животна средина кои ја налага потребата согласно член 65 од Законот за животна средина од спроведување на Стратегиската оцена на влијанието на животната средина на овие плански и програмски решенија и цели.

Стратегиската оцена на на влијанието на животната средина се состои од неколку фази на планирање:

- проверка;
- определување на опфат;
- основни податоци на животната средина;
- оцена;
- подготовка на извештајот за животна средина;
- консултација со засегнатата јавност;
- прифаќање на стратегијата, планот или програмата и
- мониторинг.


При определување на обемот и деталноста на информациите во Извештајот за животна средина, Локалната самоуправа на општина Виница е должна да побара мислење од органите кои се засегнати од реализација на планскиот документ. Исто така, според Архуската Конвенција и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 147/08 и 45/11) член 8, општината е должна да го вклучи учеството на јавноста преку:

– утврдување на динамиката и роковите што ќе бидат реални за ефикасно учество на засегната јавност;

– нацрт-правилата треба да бидат јавно расположливи, и

– на јавноста треба да и се овозможи да го изнесе своето мислење.

Постапка за утврдување на неопходност од спроведување на стратегиска оцена (СЕА) за плански документ кој го подготвува локалната управа (Screening)



Слика 1 Шематски приказ на постапка за утврдување на неопходност од спроведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина (СОВЖС) за плански документ кој го подготвува локалната управа

Министерството за животна средина и просторно планирање јасно ги дефинира основните, а со време и остварливите цели и правци на развојот, особено во поглед на неопходните квалитативни структурни промени и за нив релевантни и адаптибилни

решенија и опции. Непосредната поврзаност и меѓусебната условеност помеѓу планскиот опфат и влијанието на животната средина наметнува едновремен, интегрален третман на просторот и дефинирање на долгорочна стратегија за уредување, опремување и користење на просторот и ефикасна заштита на животната средина, природата и културно-историското наследство во регионот.

Правната и административна рамка, која ги опфаќа основните закони, стратешки планови и стандарди на животната средина, како и процедурите за Стратегиска оцена на животна средина обработени се во посебно поглавје од овој Извештај.

Анализата на алтернативите кои се опфатени со овој извештај укажува на потребата од спроведување на Стратегиската оцена на влијанието врз животната средина во процесот на планирање заради правилна и поефикасна избрана алтернатива. Очекуваните резултати врз животната средина, препораките и мерките за намалување на влијанијата, како и планот за мониторинг се прикажани и објаснети во посебни сегменти од овој Извештај.

Потребата од реализирање на проектните активности за санација, затворање, рекултивација и понатамошна грижа за депонијата произлегува од идентификуваните еколошки ризици од неконтролираните комунални депонии идентификувани во Планот за затворање на нестандардни депонии:

Контаминација на подземните води преку филтрирање и истекување на „исцедок"

Контаминација на околното земјиште преку инфилтрација на дождовницата

Контаминација на површинските води во близина, преку директно испуштање на вода или контакт/размена со контаминираните подземни води

Контаминација на воздухот од неконтролирано горење на отпадот, како и емисија на непријатна миризба

Ефект на стаклена градина, како резултат на депониски гас со висока концентрација на метан.

Главни можни влијанија на горенаведените ризици се:

Контаминација на површински води наменети за пиење, добиточна храна и вода за наводнување што претставуваат закана за здравјето на луѓето и животните.

Контаминација на површински и подземни води кои предизвикуваат оштетување на водниот живот и ја ограничуваат употребата како суровина за подготовка на вода за пиење.

Контаминација на воздух кој се заканува на здравјето на луѓето и биолошката разновидност.

Биоакумулација на токсични материи во синџирот на исхрана и во природната флора и фауна.

Во рамки на проектот за подготовка на техничка документација за затворање, санација и рехабилитација, како и понатамошна грижа за нестандардни депонии за комунален отпад и диви депонии во Источен и Североисточен регион, кој е финансиран од Европската Унија (PA/OPRD2007-2011/3.2/LOT6/13), а имплементиран од Particip GmBH и ETI Consulting се мапирани неколку локации на депонии во Источниот и Североисточниот регион, од кои една е депонијата за комунален отпад лоцирана во КО ЛЕСКИ, КО ГРАДЕЦ, ОПШТИНА ВИНИЦА.

Извештајот е изработен врз основа на забелешките при посета на секоја од депониите во овој регион и информациите собрани за време на разговорите со преставници на комуналните претпријатија и општинските служби и врз основа на податоци кои се идентификувани во Нацрт верзијата на Регионалните планови за управување со отпад во источен и северо-источен регион, Нацрт верзијата на извештаите за стратегиска оцена на животната средина за Источен и Северо-Источен плански регион и Планот за затворање на нестандардни депонии.

Националниот план за управување со отпад предвидува затворање на сите постоечки депонии и нивна замена со Регионални депонии коишто ќе бидат изградени и со кои ќе се оперира според стандардите наведени во Директивата за отпад 1999/31/ЕС.

Во Планот за затворање и понатамошна грижа на нестандардни депонии изработен од Министерство за животната средина и просторно планирање (2011) и во техничкиот извештај за затворање, рехабилитација и понатамошна грижа на нестандардни депонии за комунален отпад и диви депонии во Источен и Североисточен регион, предложено е чистење и затворање на дивите депонии, но и санација на идентификуваните локации -депонии за комунален отпад во Источниот и Северо-истониот регион.

Со цел навремено да се согледаат евентуалните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето, како и социо - економските аспекти од реализација Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Виница, согласно член 65, став 2 од Законот за животна средина („Сл. Весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), се наложи потребата за спроведување на Стратегиска оцена на животната средина.

Со цел навремено да се согледаат евентуалните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето, како и социо - економските аспекти од реализација на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Виница, согласно член 65, став 2 од Законот за животна средина („Сл. Весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,

124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), се наложи потребата за спроведување на Стратегиска оцена на животната средина.

Извештајот за Стратегиска оцена е потпишан од Експерт за Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина (видено од Копија на Уверение 12-770/8, дадено во прилог). Горенаведениот извештај за стратегиска оцена на животната средина согласно член 66 став (5) од Законот за животна средина е потпишан од лице кое е вклучено во листата на експерти за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина која ја води Министерството за животна средина и просторно планирање. Како доказ за истото во прилог на извештајот е дадена копија од Уверението издадена од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Мерките се предвиден согасно Законот за заштита на животната средина ("Сл. Весник на Р. Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13,42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22), Законот за води ("Сл. Весник на Р. Македонија" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/12, 23/13, 163/13, 180/14 и 146/15), Законот за управување со отпад ("Сл. Весник на Р. Македонија" бр. 216/21), Законот за заштита на природата ("Сл. Весник на Р. Македонија" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14 и 146/15), Законот за заштита и спасување ("Сл. Весник на Р. Македонија" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 178/08, 124/10, 18/11, 93/12 и 41/14) и Законот за управување со кризи ("Сл. Весник на Р. Македонија" бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15).

1. Цели на Планскиот документ

Во подготовката на извештајот земени се предвид целите на заштита на животната средина одредени на национално и меѓународно ниво, а кои се релевантни за планскиот документ. Генералните цели за заштита на животната средина земени во предвид при подготовката на урбанистичкиот план, односно што се очекува да се постигнат со мерките за избегнување, ублажување и/или компензација на потенцијалните влијанија предложени во овој извештај:

• Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;

• Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот;

• Достапност до доволни количества квалитетна вода, заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни ресурси, спречување или намалување на штетни испуштања, одведувањето и третман на комуналните отпадни води;

• Избегнување и намалување на создадениот отпад;

• Рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот;

• Рационално и одржливо користење на природните ресурси;

• Користење на обновливи извори на енергија;

• Зачувување и заштита на растителниот и животинскиот биодиверзитет;

• Избегнување, спречување или намалување на бучавата.

Просторот кој е предмет на изработка, дефиниран за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Виница опфаќа парцели од КО Лески и КО Градец Општина Виница.

Административно припаѓа на Општина Виница.

1.1 Цели на заштита на животната средина

Заштитата на животната средина подразбира множество на различни постапки и мерки кои го спречуваат загрозувањето на животната средина. Под заштита на животната средина се подразбира не само заштита на човекот туку и заштита на билната вегетација и животинскиот свет. Целите на заштитата на животната средина се заштита на здравјето на луѓето, квалитетот на екосистемите, заштита на растителниот и животинскиот свет и културни добра чиј творец е човекот, зачувување на рамнотежата и еколошката стабилност на природата, рационално и адекватно користење на природните ресурси.

Декларацијата за животната средина е донесена на Светската конференција на Обединетите држави во 1972 година. Стокхолмската конференција за човековата средина, одржана 1972 година ја разбудила свеста и го означила почетокот на еколошката ера и истовремено ја иницирала Париската конвенција на Претседатели на Држави и Влади на земјите од Европската економска заедница, одржана истата година. Во усвоената декларација како основна цел на еколошкиот развој се наведува смалување на ризикот во поглед на условите на живот, подобрување на квалитетот на живеење и да се во остварување на овие цели посебно внимание обрати на заштитата на животната средина. Според тоа, Европското законодавство кое го има усвоено Советот на Европските економски заедници се нагласи гаранцијата на правото на секој граѓанин на чиста и здрава животна средина.

Во текот на 1992 година во сила стапи Базелската Конвенција, чија што цел е смалување на супстанциите одредени како опасен отпад. Во Мај 2004 година стапи во сила и Стокхолмската конвенција за перзистентни органски загадувачи, со кои ги дефинира 12 екстремно отровни органски загадувачи, барајќи нивна редукција или нивно целосно елиминирање.

Меѓународната правна заштита на животната средина се сведува во најголем дел на меѓународно - правна акција против загадувањето. Сепак, меѓународната регулатива во областа на животната средина сеуште не достигнала на ниво кој би овозможил мирен живот на сите живи суштества на нашата планета. Се донесуваат разни протоколи, конвенции, декларации и др.

Република Северна Македонија, во рамките на евроинтеграциските процеси во животната средина има потпишано голем број на меѓународни конвенции, билатерални договори и протоколи и кои заедно со националните прописи ја сочинуваат правната рамка која го уредуваат управувањето со медиумите на животната средина. Во процесот на апркосимацијата на ЕУ законодавство од областа на животната средина преку транспонирање на ЕУ законодавството нашата земја ги има донесено следните закони:

• Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и 171/22);

• Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 100/12, 163/13, 10/15 и 146/15);

• Закон за управување со отпадот („Сл. Весник на РМ" бр. 216/21);

• Закон за заштита од бучавата во животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);

• Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 164/15, 63/16 и 113/18);и др.

Процесот на усогласување со законодавството на ЕУ и во сегашно време е во тек, посебно во техничките барања дадени во анексите на ЕУ Директивите. Листата на релевантни закони и релевантни ЕУ Директиви и меѓународни договори се дадени во точката 11 од овој Извештај. Сите обврски што произлегуваат од овие законски и национални стратешки документи, беа анализирани и земени во предвид при дефинирање на основните цели за заштита на животната средина во планскиот опфат при изготвување на овој Извештај.

Како генерални цели утврдени по овие значајни основи се следните:

- Обезбедување на превентивни мерки на заштита на водните ресурси-подземните води од можните загадувачки емисии на материи од реализирање на планскиот опфат;

- Искористување на соларната енергија - како чиста енергија, преку имплементирање на концептот почиста средина;

- Воспоставување на перманентен мониторинг на квалитетот на водата, почвата и воздухот;

- Збогатување на шумскиот фонд преку засадување на појас од соодветни дрвни растенија;

- Сочувување на постојниот биодиверзитет и елиминирање на можните контаминации на истиот и негово исчезнување;

- Воспоставување на перманентна соработка во следењето на состојбите во областа на квалитетот на водата, почвата и другите медиуми во животната средина од страна на локалните и Републичките здраствени институции од аспект на сочувување на здравјето на населението;

- Вклучување на јавноста во процесот на мониторирање на состојбите и донесување на одлуки за медиумите во животната средина;

- Воспоставување на база на податоци за состојбата во секој медиум во животната средина по принципот (движечка сила-притисок-состојба на животната средина-влијание-одговор) на локално и регионално ниво.

Во овој процес се предлага поцелосно имплементирање на горе наведените цели преку реализирање систем на предлог мерки за заштита, одбегнување, намалување, неутрализирање или компензација на негативните влијанија од реализација на предвидените содржини согласно урбанистичкиот план. За таа цел во понатамошниот текст на содржината на овој документ се предлагаат:

- Технички мерки кои треба да се превземат за време на спроведување на планот;

- Препораки за подготвување, донесување и дополнување на плановите и програмите во рамките на спроведувањето на законските обврски во животната средина.

Изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Виница претставува основен развоен документ, кој има крајна цел преку:

• заштита на јавниот интерес и сопственичкото право

• хармонизација на просторот

• рационално користење на земјиштето

• зголемување вредноста на земјиштето, недвижностите и другите вредни содржини во просторот

• максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот

• почитување и заштита на правото на човекот на работапочитување и валоризација на културното и градителското наследство

• вградување придружни содржини на основната наменска употреба на земјиштето

• вградување заштитни мерки

• почитување законски прописи во планирањето

• предвидување мерки за заштита и спасување да ги утврди параметрите кои се потребни за изградба на објектите во опфатот, како и воедно да ги даде и насоките за изработка на Основни проекти за градбите за специфична наменска употреба на земјиштето за градежната парцела.

Програмските содржини на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, структурно се состојат од плански и од проектен дел.

Планскиот дел од урбанистичкиот проект се состои од графички и текстуален дел со нумерички податоци за проектните решенија и содржи: урбанистичко решение на опфатот, регулациско и нивелациско решение, површини за градење со градежни линии, максимална височина изразена во метри, внатрешни сообраќајници, рампи, стационарен сообраќај и водови на инфраструктурата и други детални плански одредби.

Проектниот дел на урбанистички проект ги содржи идејните проекти за градбите во проектниот опфат од соодветните технички струки – архитектонската, градежната, електротехничката и машинската, во зависност од видот на предметните градби.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план освен плански и од проектен дел содржи и документациона основа на проектниот опфат со сите достапни податоци за постојната состојба што се релевантни за конкретниот проектен зафат и вид на градба.

1.2 Специфични цели на Стратегиската оцена

Специфичните цели на Стратегиската оцена на животната средина се дефинирани согласно националната и меѓународната легислатива и се прикажани преку статусот на биолошка разновидност, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра, културното наследство и пределот:

– Реализацијата на планското решение да обезбеди заштита на животната средина, подобрување на економските услови и зголемување на животниот стандард на населението;

– Правилно управување со просторот заради одржување на видовиот биодиверзитет на флора и фауна и заштита на засегнатите, ретки и ендемични видови;

– Обезбедување на заштитно зеленило во опфатот, со формирање на хортикултурни насади;

– Подобрување на квалитетот на воздухот;

– Зачувување на квалитетот на водата;

– Интегрирано управување со отпадот преку исцрпување на сите можности за негово искористување како секундарна суровина и одложување на инертниот отпад на депонија;

– Минимизирање на појавите од несреќи и хаварии;

– Зачувување на културното наследство;

– Зачувување на карактеристиките на пределот и животната средина.

Сите активности во просторот треба да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на;

• државни инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);

• енергетски системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;

• градежни објекти важни за Државата;

• капацитетите на туристичката понуда;

• стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);

• капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови и проекти се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

• намената и користењето на површините;

• мрежата на инфраструктура;

• мрежата на населби;

• заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови и проекти, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи.

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

1. Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.

2. Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.

3. Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

4. Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

Целите на овој плански документ се компатибилни со целите на следните стратешки документи:

• Управување со отпад;

-Урбан развој и просторно планирање.

• Заштита на биодиверзитетот;

-Управување и користење на природните ресурси;


-Да се зачува биолошката рамнотежа на екосистемите;

-Подигање на еколошка свест;

-Примена на алтернативи (обновливи извори на енергија).

Имплементацијата на планската документација ќе биде во корелација со локалните, регионалните, националните и меѓународни документи со цел да бидат постигнати целите и нивните барања.

1.3 Употребена методологија



Слика 2 Графички приказ на методологијата за изработка на Извештајот за оцена на животна средина

При подготовката на Извештајот за Стратегиска оцена се креираше методологија компатибилна на карактеристиките на просторот опфатен со планскиот документ, планската задача, достапните стратегии и документи.

При спроведување на постапката етапно беа превземени следните чекори:

• Примарно беа дефинирани целите за заштита на животната средина утврдени во стратешките документи на локално, национално и меѓународно ниво;

• Се оствари разговор со претставник на изработувачот на планскиот документ и претставник од локалната самоуправа за целите на инвестиционите активности и содржините кои ќе бидат опфатени во просторот и нивната разместеност;

• Се направи првичен увид на сегашните состојби во животната средина во анализираниот плански опфат, неговата околина и пошироко;

• Подетално се проучија содржините што се предвидени да се лоцираат во планскиот опфат, урбанистичкиот проект, како и просторната документација, намената и категоријата на земјиштето;

• Детално се разгледаа техничките решенија предвидени за реализација на проектната задача;


• Увид на постојната реализирана урбанистичка состојба на подрачјето дефинирано со планскиот опфат (бесправна градба, сообраќаен пристап и сл.);

• Согледување на можните негативни влијанија по животната средина од реализација на содржините предвидени со урбанистичкиот проект;

• Надминување на негативните влијанија по животната средина од реализација на содржините предвидени со урбанистичкиот проект;

• Предлагање на превентивни и корективни мерки за ублажување евентуалните влијанија по животната средина;

• Вклучување и запознавање на сите заинтересирани страни во процесот на изготвување на документот и утврдување на состојбите во животната средина со реализација на планот.



Слика 3 Спроведување на постапка за оцена на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина

При изготвување на планскиот документ користена е стручна литература од оваа област, ЕУ Директивите, националните стратешки документи, релевантна законска регулатива, меѓународни договори, просторни и урбанистички планови и други релеванти за изработка на документот.

1.4 Законодавна рамка

Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Виница е изработен согласно постојната законска регулатива во животната средина во Република Македонија:

Закон за Животна средина

Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22).

Стратегиска оцена на животната средина

1. Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ" бр. 114/07);

2. Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 153/07);

3. Уредба за стратегиите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ" бр. 153/07 и 45/11);

4. Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 147/08 и 45/11);

5. Правилник за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена („Сл. Весник на РМ" бр. 122/11).

Заштита на природата

Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18).

Закон за квалитет на амбиентниот воздух

Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ" бр. 100/12-пречистен текст, 10/15 и 146/15).

Закон за урбано зеленило („Сл. Весник на РМ" бр. 11/18 и 42/20).

Управување со отпад

Закон за управување со отпадот („Сл. Весник на РМ" бр. 216/21).

Заштита од бучава

Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15).

Закон за водите

Закон за води („Сл. Весник на РМ" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21).

Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020)

Национален план за управување со отпад (2009-2015)

Закон за заштита и спасување

Закон за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18).

Просторно планирање

Просторен план на Република Македонија („Сл. Весник на РМ" бр. 39/04).

Закон за просторно и урбанистичко планирање

Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18 и 32/20).

Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18 и 225/20).

Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови („Сл. Весник на РМ" бр. 142/15).

1.5 Институционална рамка

Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. Весник на РМ" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) ги дефинира следните надлежности на Министерството за животна средина и просторно планирање:

• следењето на состојбата на животната средина;

• заштитата на водите, почвата, флората, фауната, воздухот и озонската обвивка од загадување;

• заштитата од бучава, радијација, заштитата на биодиверзитетот, геодиверзитетот, националните паркови и заштитените области;

• реставрацијата на загадените делови од животната средина;

• предлагањето мерки за третман на цврст отпад;

• просторното планирање;

• просторниот информативен систем;

• надзорот од негова надлежност и

• врши и други работи утврдени со закон.

Законот за организација и работа на органите на државната управа во ова насока на Министерството за животна средина и просторно планирање му дава клучна улога, во процесот на креирање на политиката за заштита на животната средина.

Одредени надлежности во управувањето со животната средина имаат и други органи на државната управа и локалната самоуправа како што се:

• Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;

• Министерство за транспорт и врски;

• Институтот за јавно здравје;

• Министерство за здравство;

• Хидрометеролошки Завод, и

• Единиците на локалната самоуправа.

Значајна улога во процесот на донесувањето на законите од областа на животната средина има и Собраниската комисија за транспорт врски и екологија.

Во процесот на Стратегиска оцена на животната средина, Министерството за животна средина и просторно планирање има одредени надлежности пропишани со Законот за животната средина, како што се:

• подготовка на решение во оние случаи во кои не се согласува со одлуката за спроведување, односно неспроведување на СОВЖС или со определениот обем на СОВЖС во одлуката;

• подготовка на решение за соодветноста на извештајот на СОВЖС за планскиот документ, и;

• воспоставување и ажурирање на листата на експерти за СОВЖС.

Органи на државната управа/единиците на локална самоуправа кои ги подготвуваат-усвојуваат планските документи согласно Законот за животната средина имаат обврска за:

• подготовка на извештајот за СОВЖС;

• објавување на информации за отпочнувањето на подготвувањето на планските документи и за учество на јавноста во процесот на консултации;


• објавување на информации за нацрт планскиот документ кој се подготвува и за предлог извештајот за СОВЖС;

• подготовка на извештајот од консултацијата со јавноста врз основа на добиените коментари и мислења од јавните консултации;

• комплетирање на извештајот за СОВЖС и на планските документи со добиени мислења и коментари, и

• мониторинг на влијанијата од имплементацијата на планскиот документ и во случај на негативни ефекти и информирање на МЖСПП.

Постапка за утврдување на неопходност од спроведување на стратегиска оцена (СЕА) за плански документ кој го подготвуваат државни органи (Screening)



Слика 4 Шематски приказ на постапка за утврдување на неопходност од спроведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина (СОВЖС) за плански документ кој го подготвуваат државни органи

Во овој процес Министерството за надворешни работи е одговорно за спроведување на прекугранични консултации за СОВЖС во однос на доставување на известување до соседната држава, која може да биде засегната од подготовката на планскиот документ или кога Р.С. Македонија може да биде засегната од подготовка на плански документ во соседна држава.

1.6 Содржина на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина

Спроведувањето на Стратегиската оцена на животната средина е интерактивен процес кој треба да се спроведе паралелно со развојот на планот или програмата. Стратегиската оцена на животната средина е процес за да се осигура дека значителен ефект врз животната средина што произлегуваат од политики, планови и програми се идентификуваат, оценуваат и намалуваат. Важен инструмент за да им се помогне во постигнување на одржлив развој и креирање на политиката е Стратегиската оцена на животната средина. Посебни бенефиции во Стратегиската оцена вклучуваат:

• Поддршка на одржливиот развој;

• Да се подобрат доказите како добра основа за стратешките одлуки;

• Да се консултираат сите заинтересирани страни во процесот на изготвување на документот и утврдување на состојбите во животната средина со реализација на планот;

• Да се насочат на други процеси, како што се влијанието врз животната средина на оценките врз одделни развојни проекти.

Стратегиската оцена следејќи ги одредбите за содржината на овој Извештај, ги обработува следните содржини:

– Карактеристики на животната средина во областите кои би биле значително засегнати;

– Проблеми од областите кои се од посебно значење за животната средина;

– Целите на заштита на животната средина, одредени на национално или меѓународно ниво, кои се релевантни за планскиот документ и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид за време на нивните подготовки;

– Веројатните значајни влијанија врз животната средина во целина, вклучително и врз биодиверзитетот, здравјето на луѓето, флората, фауната, водата, воздухот, почвата, климатските фактори, културното наследство, пејсажот и материјалните придобивки. Овие влијанија вклучуваат секундарни, краткорочни, долгорочни, трајни и привремено позитивни и негативни ефекти;

– Резиме/краток преглед на причините на алтернативите, опис за тоа како е направена проценката, вклучувајќи ги сите потешкотии (како што се техничките

недостатоци или недостигот на know-how) до кои се дошло при собирањето на потребните информации;

– Опис на предвидените мерки кои се однесуваат на мониторингот во согласност со законските обврски;

– Не-техничко резиме на информациите дадени во согласност со барањата наведени во претходните точки.

1.7 Резиме

Врз основа на спроведената Стратегиска оценка на животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Виница, органот е должен да ги следи ефектите врз животната средина и здравјето на луѓето со цел во раната фаза да се согледаат евентуалните негативни влијанија напоредно со изработката на планската документација пред да биде прифатлива за имплементација.

Предмет на овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Виница, која е дел од Проектот ИПА 2 „Затворање на депонии и депонии кои не се усогласени во источниот регион“ (ЛОТ1).

Изборот на оваа локација е определена на местото на постоечката нестандардна депонија. Постоечката нестандардна депонија се наоѓа на источниот дел од градот Виница, на патот кој води до селото Лески, на околу 3 km од центарот на градот. Локацијата има директен пристап со асфалтен пат, а последните 500m се земјен пат. Депониското тело е сместено во клисура на косина, со ориентација север-југ. Во непосредна близина на депонијата не се регистрирани водотеци кои гравитираат кон депонијата.

Согласно проектната задача, затворањето и санацијата на нестандардната депонија за комунален отпад во општина Виница, опфаќа: реобликување на депониското тело и изградба на покривен систем за површинско заптивање на оваа нестандардна депонија. Во рамките на предвидените активности вклучено е и чистење на 3 мали диви депонии со ископ, транспорт и набивање на отпадот на локацијата на депонијата Виница.

Опфатот кој е предмет на оваа планско-проектна документација има одобрена Проектна Програма со потврда заведена со арх.бр. 11-9/3 од 12.01.2023 година , за кој согласно член 58, став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр32/20), се отпочна постапка за изготвување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални

депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Виница.

2. Преглед на Планскиот документ

2.1 Основи на Планскиот документ

Со урбанистичката документација почитувани се основните начела во процесот на урбанистичкото планирање и уредување на просторот, а тоа се:

- интегрален пристап на планирањето
- грижа за развој на регионалните особености
- остварување на јавен интерес и заштита на приватниот интерес
- хоринзонтална и вертикална усогласеност и координација
- уважување на научно и стручно утврдените факти и стандарди.

Применети се сите методолошки начела за применување на правилникот за урбанистичко планирање.

Изработката на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Виница ќе се одвива во рамките на границата на катастарската парцела односно границата на проектниот опфат КО ЛЕСКИ, КО ГРАДЕЦ, ОПШТИНА ВИНИЦА.

Согласно член 58 од Правилникот за урбанистичко планирање и дефинираниот проектниот опфат во урбанистички проект, се дефинира една градежна парцела со една дефинирана класа на намена на градежната парцела. Просторна единица на намената на земјиштето е дефинирана согласно дејностите и активностите кои се планирани да се случуваат на земјиштето, потребите на инвеститорот и согласно дозволените можности на Законот и Правилникот за урбанистичко планирање.

Согласно проектната задача, затворањето и санацијата на нестандардната депонија за комунален отпад во општина Виница, опфаќа: реобликување на депониското тело и изградба на покривен систем за површинско заптивање на оваа нестандардна депонија. Во рамките на предвидените активности вклучено е и чистење на 3 мали диви депонии со ископ, транспорт и набивање на отпадот на локацијата на депонијата Виница.

Постоечката нестандардна депонија се наоѓа на источниот дел од градот Виница, на патот кој води до селото Лески, на околу 3 km од центарот на градот. Локацијата има директен пристап со асфалтен пат, а последните 500m се земјен пат. Депониското тело е сместено во клисура на косина, со ориентација север-југ. Во непосредна близина на депонијата не се регистрирани водотеци кои гравитираат кон депонијата.

Согласно критериумите на МЖСПП, оваа депонија е оценета како депонија со среден ризик. Населението кое се опслужува со оваа депонија е околу 12000 жители.

Количина на отпад: Депонијата е наменета за одлагање на комунален отпад почнувајќи од 1971 година. Вкупниот депониран отпад изнесува 150051 m^3 заедно со отпадот од трите мали диви депонии. Реобликуваното тело на депонијата Виница треба да има доволен волумен за депонираниот отпад.

Локација: Постоечката депонија Виница се наоѓа на катастарските парцели: КП 70, КП71, КП 80/1, КП 1155/1 кои се во државна сопственост и на катастарските парцели: КП 72, КП 79 и КП 81 кои се во приватна сопственост. Реобликуваното тело на депонијата Виница треба да се оформи исклучиво на парцелите кои се во држана сопственост.

Главни активности: Главните активности предвидени за затварање на нестандардната депонија Виница согласно проектната програма се следниве:

• Реобликување на депониското тело;

• Ископ, транспортирање и набивање на стариот отпад од 3-те мали диви депонии на депонијата Виница;

• Проектирање и изведба на систем за површинско заптивање;

• Пасивен систем за собирање на гас составен од слој за дренирање на гас и вертикални бунари за гас;

• Проектирање и изведба на ободен канал за зафаќање и одведување на површинските атмосферски води од депониското тело;

• Хидросеење на трева;

• Изведба на ограда околу депонијата со влезна порта;

• Заполнување и сеење на трева на локациите на 3-те мали диви депонии.



Слика 5 Локација на проектниот опфат

2.2 Плански опфат

Специфични потреби и можности за просторен развој на подрачјето во рамки на проектниот опфат

Концепцијата на просторната организација на економските дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на производните и услужни дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Виница со гравитационо влијание врз планскиот опфат на локацијата за која се наменети Уславите за планирање на просторот.

Реализацијата на документацијата со затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад во КО Лески и дел во КО Градец, Општина Виница, ќе овозможи подобрување на функционалноста на комуналните активности во локалната економија. Меѓутоа, за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.

Една од планските определби утврдени со "Просторниот план на Република Македонија" е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост.

2.2.1 Проектни барања за градбите во проектниот опфат

а) Општи барања

Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план ќе се изработува согласно член 58, став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. в. на РМ бр: 32/2020) по претходно обезбедени Услови за планирање, Планска програма одобрена од надлежниот орган, мислење од државните органи, институции и правни лица со јавни овластувања од членот 47 на истиот закон, врз ажурирана геодетска подлога на планскиот опфат .

На Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план задолжително треба да биде извршена стручна ревизија во согласност со чл. 48 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М, бр. 32/20) .

Содржината на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план треба да биде изработена согласно со членот 60, 61 и 62 од и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М, бр. 225/20 , 219/21 и 104/22).

При изработка на урбанистичкиот проект задолжително треба да се прибават потребните податоци и информации согласно со членот 47 од овој закон. Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Македонија.

б) Посебни барања

Намена на објектите

Во проектниот опфат се предвидува формирање на градежна парцела и изградба на обејкти со група на класа на намена, класа на намена и поединечна намена

Е- Инфраструктури

Е3.- Специјални некласификувани инфраструктури

Е3.1- локални депонии за одлагање на неопасен отпад

Да се почитува постојната инфраструктурна мрежа и за истата да се обезбеди заштитен коридор при планирање на површини за градба. При планирање на инфраструктурата да се почитува сопственоста на земјиштето при формирање на градежната парцела и овозможи пристап до истата.

Предметниот проектен опфат е со основна класа на намена - Е3.1 (Отпади и депонии), согласно член 77, став 1 од Правилникот за стандарди и нормативи за

Урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ, бр. 225/20, 219/21,104/22) односно Е3.1 – нестандардна депонија за комунален отпад.

Проектниот опфат опфаќа дел од КП1155/1, КО Градец и дел од КП70, КП 71, КП72, КП79 и КП 80/, а цела КП 81, КО Лески со вкупна површина од 27470,44 м^2 .

Границите на проектниот опфат се следните:

На север предметниот проектен опфат зафаќа дел од КП 70 и КП 71, КО Лески.

На западната страна зафаќа дел од КП 72. На североисток се граничи со КП 901, КП 933, КП 934 и КП 935.

Движејќи се кон југ, зафаќа дел од КП 80/1 и КП 79, КО Лески. Западно се граничи со КП 75.На источната страна зафаќа дел од КП 1155/1 од КО Градец. Јужно целосно е опфаќа КП 81.

Границите на предметниот проектен опфат се дефинирани со следните координати:

ред.бр	X	Y
1	7623902.59	4637643.14
2	7623897.04	4637656.12
3	7623893.38	4637662.50
4	7623890.53	4637667.93
5	7623883.98	4637671.98
6	7623886.85	4637676.87
7	7623883.20	4637678.73
8	7623880.63	4637674.20
9	7623872.76	4637679.40
10	7623871.27	4637679.20
11	7623870.29	4637681.03
12	7623854.52	4637692.31
13	7623843.22	4637688.11
14	7623841.07	4637687.36
15	7623842.20	4637682.35
16	7623841.00	4637666.37
17	7623835.89	4637641.42
18	7623835.47	4637636.40
19	7623836.27	4637621.65
20	7623837.78	4637619.86
21	7623843.14	4637602.34
22	7623845.59	4637582.03
23	7623850.26	4637562.40
24	7623855.18	4637542.97
25	7623858.50	4637522.97
26	7623862.56	4637499.76
27	7623873.91	4637495.78
28	7623877.70	4637494.65
29	7623895.47	4637446.29
30	7623911.88	4637432.13
31	7623920.69	4637417.07
32	7623932.82	4637407.84
33	7623932.71	4637401.88
34	7623939.67	4637396.81
35	7623959.26	4637363.68
36	7623977.31	4637353.41
37	7623993.92	4637358.88
38	7624003.95	4637369.46
39	7624005.05	4637387.33
40	7624001.95	4637405.39
41	7623997.13	4637429.57
42	7623992.09	4637442.60
43	7623987.59	4637462.16
44	7623982.24	4637481.58
45	7623974.11	4637499.95
46	7623968.08	4637518.98
47	7623961.39	4637537.87
48	7623953.98	4637556.50
49	7623946.14	4637574.94
50	7623938.87	4637593.57
51	7623931.20	4637612.16
52	7623923.67	4637625.04
53	7623921.41	4637628.66
54	7623920.01	4637628.82
55	7623919.38	4637630.78
56	7623905.34	4637642.55

Површина на проектниот опфат која изнесува; 27470,44 м^2 (2,75ха)

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА			
РЕД. БРОЈ	ПОСТОЕЧКИ ПОВРШИНИ (НАМЕНА)	ПОВРШИНА (м²)	ПРОЦЕНТ(%)
1	**ПАТ**	**1268.70**	**4.62%**
2	**ДЕПОНИЈА**	**17697.00**	**64.42%**
3	**НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ**	**8504.74**	**30.96%**
ПРОЕКТЕН ОПФАТ:		**27470.44**	**100%**

3. Карактеристики на просторот и сегашна состојба со животната средина

3.1 Карактеристики на просторот

Основа за изработка Детални услови за проектирање и градење е Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22), специфичноста на проектниот концепт, како и проектните барања со овие плански одредби:

Проектен опфат

Границата на опфат за разработка на Урбанистички Проект во кој е сместена целата инфраструктура е дефинирана со геодетски координати содржани во документационата основа.

Урбаниот опфат кој е предмет на овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Виница со својата местоположба припаѓа на територијата на КО Лески и КО Градец Општина Виница е надвор од плански опфат со површина на проектниот опфат која изнесува; 27470 м^2 (2,75 ха),

При примена на проектните решенија на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Виница за се што не е регулирано со овие услови треба да се вградат одредбите согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник бр. 36/04, 49/04, 86/08 и 93/12) ,

Законот за пожарникарство (Сл.весник бр. 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област, особено мерките за заштита и спасување.

Мерки за заштита, пропишани со овој план, преставуваат урбанистички мерки за заштита на опфатот од неповолни фактори и нивното негативно влијание на животната и работната средина.

На подрачјето кое е предмет на анализа нема регистрирани недвижни споменици на културата согласно Изводот од Просторен план.

Доколку при реализацијата на Проектот за инфраструктура се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, бр. 115/07, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13,137/13,38/14 и 44/14).

Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство согласно чл. 71 од истиот Закон.

Со овој Урбанистички проект се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето (дефинирањето е според Член 80 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко проектирање (Службен весник на РМ бр. 225/20 , 219/21 и 104/22):

Проектниот опфат е со намена

Е3.1 Отпади и депонии

локални депонии за одлагање на неопасен отпад

Предвидени се комплементарни намени, внатрешен сообраќај, пасивен систем за собирање на гас составен од слој за дренирање на гас и вертикални бунари за гас и ободен канал за зафаќање и одведување на површинските атмосферски води од депониското тело

Сé што со овие одредби не е пропишано или дефинирано, важат одредбите од Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.Весник на Р.М. број 225/20 , 219/21 и 104/22)

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА И ОБЈЕКТИТЕ/NUMERICAL INDICATORS FOR THE BUILDING PLOT AND FACILITIES											
НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА/BUILDING PLOT NUMBERING	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА/AREA OF BUILDING PLOT м2	КЛАСА НА НАМЕНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА /CLASS OF PURPOSE OF BUILDING PLOT	НАМЕНА НА ОБЈЕКТ/PURPOSE OF FACILITY	ПОВРШИНА ЗА ГРАДЊЕ/BUILDING AREA м2	БРУТО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЊЕ/GROSS BUILDING AREA	КАТНОСТ/LEVEL	МАКСИМАЛНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ/MAXIMUM HEIGHT TO WRENCH м	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ/BUILDUP PERCENTAGE %	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ/UTILIZATION COEFFICIENT	ПАРКИРАЊЕ /PARKING
			ОТПАДИ И ДЕПОНИИ ЛОКАЛНИ ДЕПОНИИ ЗА ОДЛАГАЊЕ НЕОПАСЕН ОТПАД WASTE AND LANDFILLS LOCAL LANDFILLS FOR THE DISPOSAL OF NON-HAZARDOUS WASTE	18155	18155	П	10,00			ВО ПАРЦЕЛА/ IN PLOT
1	**23768**	**Е3.1**	ВКУПНО ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ ВО ГП 1. TOTAL BUILDING AREA IN G.P 1	**18155**	**18155**			**76%**	**0,76**	
			ЗЕЛЕНИЛО ВО ПАРЦЕЛА/GREENS IN PLOT	3513				15%	0,15	
			ПРИСТАПЕН ПАТ/ACCESS ROAD	2099				9%	0,09	
			ВКУПНО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1. / TOTAL BUILDING PLOT	**23768**	**18155**	**П**		**76%**	**0,76**	
			ЗЕЛЕНИЛО ВРЗ ПРЕТХОДНО ИСКОПАНИОТ ОТПАД / GREENERY ON THE PREVIOUSLY EXCAVATED WASTE	**3702**				**13%**	**0,13**	
			ВКУПНО ОПФАТ /DESIGN SCOPE	**27470**						

Процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела изнесува 15%. По завршување на градежните активности и оформување на депониското тело на кое ќе биде изведен систем за површинско заптивање, просторот околу депонијата кој е дел од проектниот опфат потребно е дополнително да се озелени. Истиот зафаќа уште 13% од опфатот.

Оградите се поставуваат по правило во рамки на земјиштето од градежната парцела што се оградува, додека вратите и капиите од огради на градежните парцели не смеат да се отвараат вон регулационата линија односно кон надвор. Оградувањето на градежната парцела да е со транспарентна ограда со вкупна висина од 2,40 м.

Сообраќајното решение за приклучок на објектот е планирано преку асфалтен пат, а последните 500 m се земјен пат.

Движењето во градежната парцела е планирано преку интегрирана улица со ширина од 3.0 м (за пристап до депониското тело кои ќе се тампонира , но нема да се асфалтира), а кои овозможуваат пристап до депониското тело покрај оградата

Планираниот канал се планира на површината на зеленило меѓу улицата и депониското тело.

Од влезната порта на оградата започнува плато со тампон, од кое се двојат 2 пристапни патишта од двете страни на депонијата. Пристапните патишта се тампонирани со тампонски материјал со d=30cm, широчина од 3m, попречен наклон 2% и променлив подолжен наклон кој го следи наклонот на ободниот канал за атосферски води.

Хоризонталното решение е решено со правци и кружни кривини со минимален радиус 12 m. На крајот на секој пристапен пат е предвидено плато за вртење на воозилото. Вкупната должина на пристапните патишта изнесува 630m.

При изведба на пристапните патишта, потребно е нивно нивелирање и набивање со соодветна механизација – булдожер до постигнување модул на стисливост од минимум 50 MPa.

Околу целата депонија Виница е предвидена заштитна панелна ограда, каде секој панел е со должина 2,5 m, височина 2.35 m и боја зелена RAL 6005. Дијаметарот на жицата е 4,5 мм, големина на отвор 50*150 мм, со две жици на секое прекршување. Жицата треба да биде поцинкувана. Панелите се прицврстуваат на профили кои треба да бидат челични, топлопоцинкувани и електростатски офарбани. Профилите се со димензии 50*50 mm и височина 2,8 m. Оградата се монтира на бетонски фундаменти МБ30 со димензии 45*45 cm и височина 80 cm. Профилите навлегуваат во бетонските фундаменти по 40 cm.

Доколку при изработка на проектната документација од пониско ниво или при уредување на просторот се дојде до нови одредени сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со изведба на конкретната инфраструктура, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство.

Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, ќе се постапи во согласност со член 65 од - Закон за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ број 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19); односно веднаш треба да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство, според член 129 од Законот.

Начинот на изведување на работите треба во целост да биде во согласност со изработената техничка документација и пропишаната градежна регулатива.

Сите услови за изградба на просторот во рамките на третираниот проектен опфат кои не се опфатени во приложените услови за изградба на просторот од оваа проектна документација да бидат во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.С.М 32/20), Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20 и 279/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.С.М 225/20, 219/21, 104/22).

Пред отпочнување со изведбата, Изведувачот на работите е должен да изработи Програма со динамика за изведување на работите и истата да биде одобрена од Надзорот.

При постоење на подземна електро инфраструктура во предметниот проектен опфат, потребно е да се контактира најблискиот КЕЦ , за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предментиот проектен опфат.

Со допис бр. 11.2.99955/2 од 26.10.2022 год. Министерство за внатрешни работи не известува дека нема податоци за постоење на нивни инсталации во рамките на предметниот проектен опфат. Доколку во текот на изведувањето на градежните работи се појават телекомуникациони инсталации , задолжително да се информира МВР.

На секоја санирана нестандардна депонија за комунален отпад (со исклучок на оние што треба да се исчистат од нивниот отпад) треба да се инсталираат три дупнатини за следење на квалитетот на подземните води. Дупнатините треба да се дупчат до максимална длабочина од 30 m или, доколку постојат подземни води до 3 m под нивото на подземна вода.

Атмосферските води се зафаќаат во ободни канали покрај ножицата на депониското тело и покрај пристапниот пат. Каналите мора да се одржуваат и чистат од плевел, лисја и наслаги од песок двапати годишно и дополнително кога се забележува блокирање при редовните контроли.

Вертикалните бунари за одведување на депонискиот гас мора да се одржуваат и чистат од плевел, лисја и наслаги од песок двапати годишно и дополнително кога се забележува блокирање при редовните контроли. Ако се користи биофилтерски материјал, истиот треба да се менува еднаш годишно.

Најмалку две години по затворањето на депонијата, локацијата треба да се проверува месечно за да се обезбеди обновување на вегетацијата и да се следи каква било ерозија или таложење на финалната покривка. Затворената депонија треба да продолжи да се следи на поретко ниво до триесет години по затворањето на депонијата.

Важно е да се осигура дека незаконското депонирање нема да продолжи на која било затворена депонија.

Доколку при реализацијата на Урбанистичкиот проект потребни се одредени измени на Идеен проект или е потребно усогласување на Идејниот проект со Законот за градење, се изработува Идеен проект во согласност со урбанистичките параметри од овој Урбанистички проект и во согласност со законската регулатива од областа на градењето.

3.2 Опис на сегашната состојба со животната средина во планскиот опфат

Постоечка состојба на локацијата

Просторот дефиниран за изработка на урбанистички проект за затварање, реобликување на депониското тело и изградба на покривен систем за површинско заптивање опфаќа дел од КП1155/1, КО Градец и дел од КП70, КП 71, КП72, КП79 и КП 80/1, а цела КП 81, КО Лески со вкупна површина од 27470,44 м^2 .

Постоечката нестандардна депонија се наоѓа на источниот дел од градот Виница, на патот кој води до селото Лески, на околу 3 km од центарот на градот. Локацијата има директен пристап со асфалтен пат, а последните 500m се земјен пат. Депониското тело е сместено во клисура на косина, со ориентација север-југ. Во непосредна близина на депонијата не се регистрирани водотеци кои гравитираат кон депонијата.

Депонија е лоцирана на стрмен терен, што е видливо на попречните профили каде е прикажано и оргиналното тло пред да се депонира отпад. На источната страна ножицата на депонијата завршува во дол.

Затворањето и санацијата на нестандардната депонија за комунален отпад во општина Виница, опфаќа: реобликување на депониското тело и изградба на покривен систем за површинско заптивање на оваа нестандардна депонија. Во рамките на предвидените активности вклучено е и чистење на 3 мали диви депонии со ископ, транспорт и набивање на отпадот на локацијата на депонијата Виница.

Главните активности предвидени за затварање на нестандардната депонија Виница согласно проектната програма се следниве:

Реобликување на депониското тело;

Ископ, транспортирање и набивање на стариот отпад од 3-те мали диви депонии на депонијата Виница;

Проектирање и изведба на систем за површинско заптивање;

Пасивен систем за собирање на гас составен од слој за дренирање на гас и вертикални бунари за гас;

Проектирање и изведба на ободен канал за зафаќање и одведување на површинските атмосферски води од депониското тело;

Хидросеење на трева;

Изведба на ограда околу депонијата со влезна порта;

Заполнување и сеење на трева на локациите на 3-те мали диви депонии.

Со оглед на ограничениот простор на парцелата која е во државна сопственост и да се избегне зголемување на површината за депонирање, отпадот треба да се депонира со наклон 1V:2.5H кон североисточната страна и наклон 1V:2.5H на југозападната страна. Во правец север-југ депониското тело скалесто се зголемува со оформување косини и берми, почнувајќи од 387 мнв до 418.2 мнв, односно оформени се 4 берми на: 402 мнв, 408 мнв, 415 мнв и 418.2 мнв.

Моментално депонираниот отпад кон долот е со пострмна косина поради што е потребно ублажување на косината со ископ на дел од депонираниот отпад, а воедно ископ на отпад е предвиден и на делот од приватните парцели кои треба да се вратат во првобитна состојба.

Согласно проектната програма, предвидено е затворање на депонијата во општина Виница поради што е потребно да се предвиди систем за површинско заптивање

Со системот за површинско заптивање се минимизира инфилтрацијата на водата во отпадот, се овозможува површинска дренажа и се максимизира истекувањето, се контролира емисијата на гасот од депонијата и се постигнува физичко одделување помеѓу отпадот и растителниот и животински свет.

Кај депонијата Виница предвидени се 2 вертикални бунари со HDPE цевки за гас D=1800 mm на меѓусебно растојание од 90 m.

Се очекува дека целиот исцедок на дното на депонијата ќе се инфилтрира низ оригиналната подлога од песок и чакал, а биолошкото оптоварување (BOD) ќе се разградува пред да стигне до нивото на подземните води. Согласно наведеното, како и претходно изработената документација и барањата на инвеститорот, нема потреба од собирање на исцедокот во подножјето на телото на депонијата Виница.

При интензивни врнежи, атмосферските води кои отекуваат врз депониското тело, треба да бидат зафатени и одведени надвор од депониското тело. Дел од водите кои продираат низ површинскиот слој на почва, преку геокомпозитниот дренажен слој се одведуваат до ободен канал, а дел од водите се слеваат директно по косините до ободниот канал.

Во ободниот канал од источната страна се очекува да дотекуваат и атмосферските води од сливот на постоечкиот дол при интензивни врнежи.

Проектниот опфат е со вкупна површина од околу 27470,44 м^2 .

Површината на формираната градежна парцела изнесува 23 768 м^2. Во рамките на Г.П е предвидна површина за градба од 18 155 м^2 (тело на депонијата)

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ				
ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА м2	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА м2	ПРОЦЕНТ ВО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
1.	23,768	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	18155	76%
		СООБРАЌАЈНИЦИ	2099	9%
		ЗЕЛЕНИЛО ВО ПАРЦЕЛА	3513	15%
		ВКУПНО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.	23768	100%
		ЗЕЛЕНИЛО ВРЗ ПРЕТХОДНО ИСКОПАНИОТ ОТПАД	3702	13%
		ВКУПНО ОПФАТ	27470	

Локацијата има директен пристап со асфалтен пат, а последните 500m се земјен пат.

Од влезната порта на оградата започнува плато со тампон, од кое се двојат 2 интегрирани улици од двете страни на депонијата.

На крајот на секоја интегрирана улица е предвидено плато за вртење на возилото. Вкупната должина на улиците изнесува 630 m.

Планирана е интегрирана улица со ширина од 3.0 м за движење во парцелата

Нивелационото решение произлегува од постојната состојба – конфигурација на теренот т.е од земјан пат.

Паркирање не е планирано во рамките на градежната парцела со оглед дека депонијата се затвара.

Партерното решение на ниво на градежна парцела се решава покрај депонијата и патот, но при тоа треба да се води сметка, со озеленувањето да се постигне поголем процент.

Процентот на озеленетоста во рамките на градежната парцела неможе да ја постигне законската мерка и да изнесува минимум 20% согласно Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ со бр. 11/18 и 42/20), бидејќи се работи за депонија која се затвара и ќе биде набљудувана во наредниот период.

Обезбедено е 15% зеленило во парцелата (3513 м^2) и уште 13% во опфатот (3702м^2).

Воздух

Квалитетот на воздухот е еден од поважните чинители на кои треба да се внимава при планирање на просторот заради спречување на деградација на истиот со имплементација на планскиот документ. Санитарната состојба на воздухот не е нарушена бидејќи во анализираниот простор не постојат изразити загадувачи.

Сепак, при анализа на состојбата на квалитетот на воздухот во општината земени се во предвид расположливите податоци за потрошувачката на енергија во индустријата, домаќинствата, јавните и комерцијалните објекти, состојбата на сообраќајот - застареноста на возниот парк, авионскиот сообраќај, податоците од националната мрежа за следење на квалитетот на воздухот, влијанието врз човековото здравје и мерките што се превземаат за намалување на загадувањата.

И покрај тоа што констатираната состојба со квалитетот на воздухот е на задоволително ниво, сепак е потребно постоење на мониторинг станици, лоцирани на територијата на општината за следење на емисиите од загадувачки материи во воздухот, со што навремено би се реагирало доколку дојде до зголемување на нивните концентрации над дозволеното, а во согласност со содветниот и потенцијален

индустриски развој и зголемување на авионскиот сообраќај во општината во следните години.

Загадувањето на воздухот доаѓа како резултат на емисии на загадувачки супстанции од стационарните и мобилните извори, преку одвивање на хемиско-технолошките процеси, био-хемиските процеси и процесите на согорување на горивата. Дистрибуција на загадувачките супстанции во околината и појава на зголемување на нивната концентрација со тек на време во воздухот и влијанието на квалитетот на воздухот врз живиот свет се исто така важни чинители во одредувањето на состојбата на квалитетот на воздухот.

Во сегашни услови, основни загадувачи се: застарениот возен парк на населението и правните субјекти во општината, како и загадувањето од користење на нафтата, нејзините деривати и дрвото како енергетски ресурси во домаќинството.


Имајќи ги во предвид бројот, типот и капацитетот на застапената индустрија и другите деловни субјекти во општина, како и бројот на возила и интензитетот на патниот и авионскиот сообраќај, како и употребата на нафтата, нејзините деривати како енергетски ресурси, генерално може да се каже дека аерозагадувањето е во рамки на дозволените концентрации на загадувачки супстанции во воздухот.

Вода (**Зафаќање и одведување на атмосферски води)**

Реализацијата на предвидените активности за санација на општинските депонии за комунален отпад и дивите депонии ќе резултира со позитивно влијание врз водните ресури, како површински така и подземни, поради тоа што сегашната пракса на одлагање на отпад на места кои не се наменети за депонирање (диви депонии најчесто се создаваат во долови покрај патишта и покрај реки) ќе биде надмината, а нестандардните општински депонии после заворањето нема да претставуваат опасност поради протекување на исцедокот или лизгање на цели купови отпад и доспевање во површинските текови.

Во близина на депонијата Врши Дол се наоѓаат: канализиран поток Лесковница на околу 800 метри оддалеченост од депонијата и на растојание од околу 1,5 км се наоѓа реката Градечка.


Реката Градечка е долга околу 18 километри, вкупната површина на речниот слив е 55,31 кт2. Оваа река е лева притока на реката Брегалница. Реката нема засебно течение и се формира од повеќе планински потоци кои извираат на планината Плачковица. Водата од реката се користи за наводнување на Виничко Поле.



Слика 6 Течение на Лесковница, во однос на депонијата „Врши Дол"

Постоечката депонија не располага со комунална инфраструктура, односно на локацијата не постои систем за водоснабдување, нити пак систем за одведување на отпадни води (санитарни јазли). На постоечката депонија нема објекти од тврда градба, нити пак постојано вработени лица, па според тоа не се создаваат нити санитарни отпадни води. Депонијата за комунален отпад во општина Виница, позната како депонија „Врши Дол" се наоѓа 1,2 км јужно од реката Лесковница, во близина на с. Лески.

Предвидените активности за санација не создаваат технолошка отпадна вода или други отпадни води, кои би можеле да влијаат на квалитетот на подземните води. Нарушување на квалитетот на подземните води може да има во случај на инцидентни ситуации, при неправилно ракување и истекување на гориво, нафта или масло за подмачување на транспортните возила или градежната механизација на локацијата каде се вршат активностите, но и на површини на кои нема депониран отпад.



Слика 7 Течение на река Градечка, во однос на депонијата „Врши Дол"

Просторот каде ќе се изврши затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад во КО Лески и КО Градец, Општина Виница припаѓа на водостопанското подрачје (ВП) ,,Средна и Долна Брегалница" кое го опфаќа сливот на реката Брегалница, од браната Калиманци до вливот во реката Вардар. На ова ВП припаѓаат сливовите на реките: Оризарска, Злетовска, Св. Николска, Осојница, Зрновка, Козјачка и Лакавица. ВП "Средна и Долна Брегалница" е сиромашно со вода. За сливот на реката Брегалница специфичното истекување мерено кај водомерната станица "Берово" изнесува 11,8 л/сек/км^2, додека на водомерните станици "Очи Пале" изнесува 5,9 л/сек/км^2 и "Штип" изнесува 4,1 л/сек/км^2.

За целосно искористување на потенцијалот на водотеците (хидроенергетски, за водоснабдување на населението и индустријата и за наводнување) во ВП "Долна и Средна Брегалница" изградени се акумулациите Градче на реката Кочанска, Пишица на реката Пишица, Мантова на Лакавица и Мавровица на река Мавровица. За идниот период се предвидува изградба на акумулациите: Јагмулар на реката Брегалница, Речане на Оризарска Река и Баргала на Козјачка Река.

Од вкупно регистрирани 4.414 извори во Републиката во ова ВП регистрирани се 255 извори, но ни еден не е регистриран како извор со значајна издашност.

Друг значаен ресурс се подземните води кои најчесто се одликуваат со висок квалитет на водата, имаат големо значење во обезбедувањето на потребните количини на вода, но не се доволно истражени. Посебен вид на подземни води се термалните, термоминералните и минералните води од кои во со значаен квалитет и капацитет, се забележани на просторот Истибања - Кочани - Штип.

Една од основните цели во управувањето со водите е запазување на квалитетот на водите. Во функционирањето на депониите кои не се изградени и одржувани согласно стандардите за овој тип објекти има опасност од појава на опасни и токсични супстанци кои можат да предизвикаат загадување на површинските и подземните води.

Превземените активности за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардната депонија за комунален отпад е во прилог на заштитата на површинските и подземните води од загадување и подобрувањето на нивниот квалитет.

Природни и климатски карактеристики

Предметната локација во КО Лески и во КО Градец, Општина Виница се наоѓа југозападно од населеното место Виница на надморска височина од 390-420 метри.

Според географската положба, овој предел е изложен на влијанијата на континентално-субмедитеранската клима. Тоа е типично транслационо подрачје и во него се комбинираат влијанијата на субмедитеранската и источно континенталната клима. При тоа, за климата во оваа општина од големо значење е нејзината диспозитивна положба помеѓу двете грададни маси - Осоговските Планини и

Плачковица, како и конфигурацијата на самата Кочанско-Виничка Котлина, која е широко отворена кон запад, а од сите страни е оградена со високи планини.

На тој начин, котлината каде што припаѓа предметната локација е заштитена од директното влијание на северните воздушни маси со планинскиот масив Осогово, и од директните јужни влијанија со планинскиот масив Плачковица.

Покрај географската ширина, надморската висина и пробивот на топол воздух по долината на р.Брегалница од Повардарието, врз климата во околината влијаат и други фактори кои незначително ја модифицираат. Поголемата надморска висина и близината на Осоговските планини придонесуваат летните горештини да бидат поретки во овој крај. Климата е карактеристична по тоа што тука се судираат две различни струења. Имено, по текот на р.Брегалница, продира во реонот изменето медитеранска клима, а од Плачковица и Голак пробива континентална клима. Влијанијата на овие две климатски струења се гледаат и преку одгледувањето на некои земјоделски култури како афион, ориз, тутун и др. кои се карактеристични за медитеранската клима и рж, овес, овошни насади, карактеристични за континенталната клима.

Ветровите се честа појава во овој регион. Застапени се ветровите од сите 8 правци со доминација на ветровите од југозападен правец и од североисточен правец. Југозападниот ветар е со просечни честини 155%0. средна брзина од 2,2м/сек и максимална брзина од 8 бофори. Втор по зачестеност е северниот ветар со просечна честина 110 %0 и брзина 2,1 м/ сек и максимална брзина од 8 бофори.

Просечно годишно на овој простор паѓаат 516,lмм врнежи, и тоа најмногу во ноември месец 60,2мм, а најмалку во септември со 32,lмм. Мразниот период изнесува 148 дена, просечно последниот пролетен мразен ден е 30-03, а апсолутен краен пролетен мраз е забележан 28-04-1984 год. Првиот есенски мраз просечно се јавува 3-11, а апсолутен почеток на мразниот период е забележан на 7-10-1971 год. Бројот на денови со снег е 18. Магливи денови во овој простор има само околу 6 дена годишно. Просечниот број на денови кога паѓа град е 19 дена. Ведри денови има годишно 80, облачни денови 150 и тмурни денови 135. Влажноста на воздухот изнесува 70%. Најголема е во декември месец со 81%, а најмала во јули месец со 60%. Просечно годишната температура на воздухот е 13°С, а годишна амплитуда е 22,1°С среден годишен минимум на температурата е б,5°С, каде што јануари е најладен со -3,2°С, и најтопол јуни со 15°С. Средногодишен максимум е 18,6°С јануар со 5,30С и јули со 29,9°С. Апсолутен максимум е забележан 8-7-1988 год од 41,2°С, а апсолутен минимум е забележан на26-1-1963 год од-22,6°С.

Отпад

Правилно управување со отпадот во согласност со меѓународно прифатените стандарди и норми значително ќе придонесе за намалување на влијанијата на отпадот врз почвата (од неконтролираното фрлање на отпад), подземните води (директно загадување од долгорочното неконтролираното фрлање на отпадоци) и воздухот (од

горење на отпадот на отворено). Производителите на отпад се должни во најголема мера да го избегнат создавањето на отпад и да го намалат негативното влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.

Комуналниот отпад од градот Виница и од неколку населени места (Јакимово, Населба Градец, Викенд населба Горна Осојница) се депонираат на градската депонија „Врши Дол" во близина на село Лески додека комуналниот отпад од с. Истибања и с.Блатец се депонира на сопствени неуредени ѓубришта.

Во градот Виница, с. Јакимово и Нова населба Градец комуналниот отпад организирано се собира од страна на ЈКП Солидарност.

Во с. Блатец отпадот го собира ЈКП „Кале", додека во с.Истибања месната заедница има организирано собирање на отпадот. Во с. Пекљани има одредено место каде се исфрла отпадот, а додека во другите населени места не постои организирано собирање на отпад.

Општина Виница годишно генерира 5.014 м^3 комунален отпад, 6.128 м^3 комерцијален додека депонира 81,12 м^3 пластика, метал и стакло, пепел 236,9 м^3 и друг неопасен отпад 223 м^3.

Од ноември 2012 година општина Виница започна со примарна селекција на отпадот првенствено на пет амбалажата како и хартијата со тенденција на намалување на депонирање на овој вид на инертен отпад на депонија односно негова редуцирање и рециклирање.

Управувањето со отпад во општина Виница е во надлежност на ЈКП „Солидарност" од Виница, во кое има работна единица (РЕ) „Комунална хигиена" која е задолжена за управување со отпад.

РЕ располага со 2 специјални комунални возила за собирање на комунален отпад со капацитет од 8 м3, едно комунално возило со капацитет од 9 м^3 и 2 специјални комунални возила со капицитет 5 м^3 кои се опремени со механизми за утовар на стандардни канти за отпад со капацитет од 80 до 120 литри и механизам за утовар на стандардни контејнери за отпад со капацитет од 1,1 м3.

За тешко пристапни терени се користат трактори со приколка. За одржување на градската депонија ЈПКД Солидарност располага со еден булдожери гасеничар.

Според теренската проспекција (јуни 2015) е направена проценка на обемот на телото на депонијата, кој изнесува 115.780 м3. Максималната дебелина на наталожениот отпад изнесува скоро 6 м.

Растителен и животински свет, биолошка разновидност и природно наследство

Во близина на депонијата Врши Дол не се евидентирани заштитени подрачја нити пак ендемични или заштитени видови (допис бр. 11-7342/4 од 02.11.2022 год.

Министерството за животна средина и просторно планирање, Сектор природа констатира дека предметниот проектен опфат не влегува во граници на заштитено подрачје).

Инфраструктура

Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта "Р2" и е со ознака: Р2334-Штип (врска со Р1204)-Карбинци-Аргулица-Теранци-Зрновци- Виница (врска со Р1304)-Јакимово-Калиманци-врска со Р2345.Локацијата со намена за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад во КО Лески и КО Градец, Општина Виница нема конфликт со постојните и планирани преносни и конективни водови. Така постојниот преносен вод Кочани-Македонска Каменица минува на 3,7 km северно од оваа локација.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изгради делница-9 Вршаково-Кочани-Разловци со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион. Трасата на планираниот гасовод од делницата-9 ќе минува на 4,4 km североисточно од оваа локација..

За присутноста на постоечките инфаструктурни инсталации и нивните главни водови добиени се податоци и потврди од соодветните институции.

Инфраструктурата ја дефинираат следните водови: сообраќајна мрежа, водоводна мрежа, електрична мрежа, телекомуникациска мрежа, гасоводна мрежа, сообраќајна мрежа.

Низ границите на предметниот проектен опфат, според податоците од ажурираната геодетска подлога има постоечки пат, кој од предметнито проектен опфат зафаќа површина од 1268,70 м^2 прикажан во графичкиот дел од документационата основа.

Со допис бр.2001-3834/2 од 01.09.2022 год ЈП Железници не известува дека на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во нивна сопственост.

Со допис бр. 12-8/910 од 29.08.2022 год. Агенцијата за цивилно воздухопловство не известува дека во рамките на предметниот проектен опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство а градбите во предметниот проектен опфат не претставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај поради што истито може да се планира без посебни услови и ограничувања од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Немаме податоци за постоечка и планирана хидротехничка мрежа во рамките на предметниот проектен опфат.

Согласно податоците од ЕВН (допис бр.10-26/4-202 од 30.08.2022 год.) во рамките на предметниот проектен опфат нема електрична мрежа во сопстевност на ЕВН.

Според известувањето од АД МЕПСО (допис бр.11-4753/1 од 05.09.2022 год) предметниот проектен опфат не се пресекува со објекти во нивна сопственост.

Согласно податоците од Телеком (допис бр.45459 од 01.09.2022 год) низ предметниот проектен опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Согласно податоците од АЕК (допис бр. 1404-2511/2 од 09.09.2022 год) на посочената локација нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и ситеми.

Со допис бр. 11.2.99955/2 од 26.10.2022 год. Министерство за внатрешни работи не известува дека нема податоци за постоење на нивни инсталации во рамките на предметниот проектен опфат. Доколку во текот на изведувањето на градежните работи се појават телекомуникациони инсталации, задолжително да се информира МВР.

Согласно податоците од НЕР (допис бр. 15-2536/2 од 31.08.2022 год.) низ предметниот проектен опфат нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа .

Други податоци од субјектите од член 47 од Законот за урбанистичко планирање, релевантни за подрачјето во планскиот опфат

Согласно допис бр. 11-7342/4 од 02.11.2022 год. Министерството за животна средина и просторно планирање, Сектор природа констатира дека предметниот проектен опфат не влегува во граници на заштитено подрачје.

Согласно допис бр. 11-2573/2 од 20.10.2022 год. АД Водостопанство не известува дека во рамките на предметниот проектен опфат нема свои обејкти и инфраструктура.

Културно-историско наследство, постојни споменички целини, културни предели и друго

Согласно Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 29/16), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.

Со допис бр. 08-2671/2 од 19.10.2022 год. Управата за заштита на културното наследство при Министерство за култура не известува дека во рамките на предметниот проектен опфат не постои културно наследство ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

3.3 Сегашни проблеми со животната средина во и околу планскиот опфат

Проблемите со животната средина во општина Виница и предметниот опфат, беа идентификувани преку анализа на постоечката состојба со животната средина каде се евидентирани клучните проблеми и предложени се мерки во облик на Акционен план за нивно надминување.

Најосетливи елементи на животната средина во предметниот опфат (Елементи на СОЖС)					
Води	Воздух	Отпад	Климатски фактори	Население	Материјални добра

Проблемите со генерирање на отпадот се разгледуваат како влијание врз површинските и подземните води, влијание на загадувањето на почвите и индиректно како влијание врз квалитетот на воздухот и почвите и индиректно како влијание врз квалитетот на воздухот и создавањето на стаклени гасови (климатски промени).

Врз основа на евидентирање на најосетливите елементи на животната средина во планскиот опфат кои се нарекуваат и елементи на Стратегиска оцена на животната средина (Елементи на СОЖС) се воспоставуваат цели на стратегиска оцена на животна средина (Цели на СОЖС) и се дефинирани можни индикатори за секоја цел.

Во процесот на Стратегиска оцена на влијание на планскиот документ врз животната средина важно е да се види како, на кој начин, со која јачина и интензитет целите на планскиот документ влијаат врз целите на СОЖС со цел да се предвидат мерки за спречување на влијанијата и да се предложи соодветен план за мониторинг на индикаторите за секоја цел на СОЖС.

На следната табела се прикажани сегашните проблеми со елементите на животната средина:

Табела 1 Сегашните проблеми со елементите на животната средина

Елементи на Стратегиската оцена на животна средина	**Проблем**	**Релевантно опфтен проблем**
Воздух	Нарушен квалитет на воздухот од постоење на интензивна емисија од употреба на дрва како агенс за затоплување, зголемен сообраќај Не користење на обновливи извори на енергија	x
Вода	Нарушен квалитет на подземните води од постоење на септички јами Недоволно планирање на промените во намената на земјиштето	x x

Отпад	Постоење на диви депонии	x
Почва	Нарушен квалитет на почвата како резултат за исталожување на аероседименти Деградација на почвите	x x
Предел	Деградирани предели	x
Население	Појава на миграција Невработеност	x x
Климатски фактори	Користење на огревно дрво за затоплување	x
	Не користење на обновливи извори на енергија	x

4. Состојба без имплементација на планскиот документ

При реализација на Планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Виница, се разгледува опцијата без да се спроведе планска активност, односно работите да останат во првобитната положба.

Во конкретниов случај доколку овој план не се спроведе, се очекуваат следниве последици:

• Појава на некомпатибилни дејности;

• Земјиштето и понатаму ќе остане земјиште со помала економска вредност;

• Нарушување на квалитетот на медиумите во животната средина;

• Интензивно загадување со отпадни материи (цврст, комунален и други видови отпад) и постоење на диви депонии;

• Интензивно загадување на подземните води и почвата;

• Нема услови за создавање на поволен економски амбиент за одржлив економски и еколошки развој на подрачјето - регионот;

• Отсуство на инвестициони вложувања;

• Нарушено здравје на населението;

• Зголемени социјални трошоци;

• Намалена можност за вработување;

• Пораст на економската миграција;

• Не се создават услови за развој на туризмот;

• Намален животен стандард и

• Не се создаваат услови за економски и одржлив развој.

Доколку не се реализираат предвидените решенија во рамки на планскиот опфат ќе се испушти можноста за економски-одржлив развој и промоција на локацијата како атрактивна туристичка дестинација.

5. Алтернативи и чинители за избор на алтернатива

Реализацијата на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Виница е од особено значење за реализирање наменски содржини и функционална операционализација за развој на планскиот опфат и општината.

Од особено значење за изготвување на Стратегиската оцена, а воедно и стандардна постапка е да се изанализира варијантата, односно опцијата од неспроведување на планското решение со што состојбата би останала во првобитната состојба. Во тој случај се очекува дека фактичката состојба на теренот воопшто нема да се промени и економската пасивност ќе продолжи.

Овие аспекти се земаат со цел да се изнајде најповолното решение кое ќе придонесе за заштитата на животната средина и здравјето на човекот. За овој плански опфат не се разгледувани алтернативни решенија за друга намена.

Со изработката на планските решенија од Урбанистичката планска документација просторот добива нова можност за урбанистичка разработка и реализација.

При подготовката на планското решение е разгледувана алтернативата за неспроведување на планското решение со што состојбата во животната средина би останала под влијание само на природните фактори. Во овој случај се очекува моменталната состојба на теренот воопшто да не се промени, а економската пасивност и понатаму да продолжи.

Во случај на нереализирање на планските решенија на анализираното подрачје се очекува:

• Постојниот социјално-економски статус на населението во поширокото подрачје и понатаму да стагнира;

• Трендот на миграција на населението кон поразвиените урбани центри и понатаму да продолжи;

• Намалување на вредноста на земјиштето;

• Узурпација на просторот со дивоградби и други непланski и некомпатибилни содржини, а со тоа и деградација на пределската разновидност на подрачјето;

• Непланско и неорганизирано уредување на просторот со што негативно ќе се одрази врз медиумите во животната средина.

Реализирањето на планските решенија со избраната намена во просторот ќе овозможи искористување на поволната географска положба на локацијата, искористување на поволните микроклиматски услови и добрата поставеност во однос на сообраќајната поврзаност со околните населени места, зголемување на атрактивноста на просторот преку изградба на содржини кои се вклопуваат во пределот и подобрување на туристичката понуда и квалитетот на живот на локалното население.

Со реализација на овој план се овозможува локацијата да прерасне како единствена просторна и функционална целина која ќе даде голем допринос за развојот на локалната и национална економија, истовремено имајќи го за цел анимирањето на интересот на разни инвеститори за реализација на предложената програма за развој на туризмот како ориентација во актуелните економски тенденции на државата.

Активирањето на овој простор ќе овозможи одржлив развој на повеќе дејности, кои ќе продуцираат економски ефекти не само во областа на туризмот и угостителството, туку и во останатите дејности непосредно поврзани со изработката и ефектуирањето на урбанистички решенија и тоа: проектирањето, градежништвото, комуналните дејности, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, јавните функции и др.

Непосредниот ефект кој ќе произлезе со реализацијата на предложениот Урбанистички проект ќе се рефлектира врз зголемено ангажирање на расположливата работна сила преку нови вработувања во дејностите предвидени со планските содржини, односно позитивен кумулативен ефект врз социо - економската компонента и одржлива и интегрирана заштита на животната средина, што се одсликува преку:

• Социјална, економска и просторна кохезија во рамки на регионот, со оптимално користење на неговите специфични особености;

• Реализација на целите за заштита на животна средина релевантни за планскиот документ, преку примена на мерките за избегнување, ублажување и/или компензација на потенцијалните влијанија предложени во овој извештај;

• Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;

• Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот;

• Заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни ресурси преку нивно одржливо користење, спречување или намалување на штетни

испуштања, одведувањето и третман на комуналните отпадни води, третман на отпадни води од страна на самите субјекти;

• Избегнување и намалување на создадениот отпад, негово селектирање и повторно искористување и отстранување на прифатлив начин согласно законските решенија;

• Рамномерен и одржлив просторен развој, рационално уредување и користење на просторот;

• Рационално и одржливо користење на природните ресурси;

• Користење на обновливи извори на енергија;

• Зачувување и заштита на компонентите на биолошката и пределската разновидност и

• Избегнување, спречување или намалување на бучавата.

Треба да се има во предвид, дека целите на планскиот документ за одржлив економски развој со своите пропратни содржини и неопходната инфраструктура, во еден дел може да биде во конфликт со животната средина и тоа би било изразено преку краткорочни негативни влијанија во фазата на изградба (аерозагадување, бучава, создавање на отпад) и долгорочно трајна промена на дел од пределските карактеристики. Поради ова се предложени мерки за заштита на медиумите од емисија на отпадни материи, од емисија на бучава, генерирање на отпад, различни непогоди и хаварии. Исто така, како составен дел на Извештајот за Стратегиска оцена се презентирани дополнителни мерки за спречување, намалување или ублажување на негативните влијанија врз животната средина од реализацијата на целите на планскиот документ.

Со реализирање на планскиот опфат се очекуваат и позитивни аспекти во делот на можноста за користење на обновливи извори на енергија, поволна диспозиција во однос на развојот на сообраќајната и комуналната инфраструктура, што е во функција на развојот на туристичката понуда.

6. Претпоставени влијанија врз животната средина

Појавите кои како претпоставка може да се јават од имплементацијата на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Виница, може да се анализираат од негативен и позитивен аспект. Извештајот за Стратегиска оцена ги зема во предвид влијанијата врз сите медиуми на животната средина, биолошката разновидност, природата, пределот, културното наследство, луѓето како и влијанијата врз социо-економските можности во општина Виница.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина не ги анализира поединечните развојни проекти, туку влијанијата врз медиумите на животната средина од глобален аспект. Значи, со извештајот се прави само проценка на можните негативни влијанија врз животната средина, додека во подоцнежните фази, преку Студиите за оцена на влијание врз животната средина или Елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска на основа на укажаните ризици се прават детални анализи и препораки.

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

Се очекува проектов да има привремени и/или реверзибилни влијанија, со мала магнитуда и специфични само за конкретната локација. Влијанијата врз животната средина од проектните активности се разгледуваат во трите фази од изведувањето на проектните активности:

- Подготвителна фаза и
- Конструктивна фаза и
- Оперативна (функционална) фаза.

Активностите во секоја од овие фази може позитивно или негативно да влијаат врз животната средина, но акцентот во управувањето со животната средина главно се става на намалување на негативните влијанија. Особено се посветува внимание на влијанијата што може да бидат најзначајни или најсериозни.

Значењето на влијанијата е многу важен концепт, кој може да се оцени од повеќе аспекти:

- Локација на проектот;
- Обемот на проектот;
- Користење на ресурсите;
- Создавање на отпад;

- Големина на влијанијата врз животната средина;

- Времетраење на ефектите од влијанијата врз животната средина, дали ефектите се долгорочни или краткорочни;

- Видови на влијанија, дали се директни, индиректни и кумулативни влијанија;

- Дофат на влијанијата, дали ефектите се локализирани или далекусежни;

- Период на реализација на проектните активности, време од годината.

Санацијата или затворањето на депонијата за комунален отпад се врши согласно со техничката документација за затворање на нестандардните депонии за комунален отпад и дивите депонии во Источниот и Североисточниот регион.

Постоечката депонија не е во согласност, односно не исполнува минимални технички услови со што би била класифицирана како контролирана или пак санитарна депонија, а нејзиното понатамошно функционирање може да доведе до одредени негативни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето.

Може да се заклучи дека проектот е прифатлив за животната средина, односно со затворањето на депонијата нема да дојде до значителни негативни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето.

Потенцијалните позитивни влијанија од санација на постојните општински депонии за комунален отпад и диви депонии, се:

- Намалување на загадувањето на медиумите на животната средина, подобрување на квалитетот на животна средина и здравјето на луѓето во близина на постоечките депонии;

- Можност за пренамена на локациите и да се користат за други цели, како на пример за спорт и рекреација (паркови, детски игралишта и сл) согласно Националниот План за затворање на настандардни депонии.

Влијание врз човековото здравје

Влијанија врз здравјето на луѓето во најблиското населено место, с. Лески се очекуваат бидејќи депонијата е оддалечена околу 800 м.

Очекувани влијанија се намален квалитет на воздух поради изведување на земјени и градежни работи кои продуцираат издувни гасови и прашина, потоа ширење на непријатна миризба од процесот на распаѓање на отпадот и зголемена бучава и вознемиреност на населението во фаза на изградба. Наведените влијанија се краткотрајни, временски ограничени за време на изведување на санациските работи.

Влијанието врз здравјето на ангажираниот персонал за санација на депонијата, е можно, бидејќи секое постапување со отпад носи можност за контакт со опасни материи, гасови, прашина, опасни биолошки компоненти. Голема е можноста за инфекции кои ги

пренесуваат животни - глодари, птици, инсекти, потоа здобивање со повреди, вдишување на непријатни миризби, итн.)

Дополнително експлозивоста на депонискиот гас и појавата на токсични гасови при согорување на мешан комунален отпад носи ризици по здравјето. Депонирањето на градежен шут со азбестни компоненти носи ризик од вдишување азбестни влакна и честички.

Санацијата на постоечките општински депонии за комунален отпад ќе придонесе за намалување на ризикот по здравјето на луѓето во општината.

Заради намената на објектите не се очекува истите да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на локалното население. Во однос на влијанието врз човековото здравје не се очекуваат влијанија имајќи ја, пред се во предвид намената. Можни влијанија би имало само во период на изведба, за што ќе се предвидат посебни мерки во понатамошните документи за влијание врз животната средина.

Со имплементацијата може да се предизвикаааат незначителни влијанија врз здравјето на луѓето (бучава и вибрации).

Емисијата на прашина и издувни гасови од моторните возила може да се покачат поради евентуално изведување на градежни активности.

Обезбедувањето на парковско и заштитно зеленило и останато хортиклултурно уредување на просторот ќе биде во функција на подобрување на здравјето на луѓето. При изградбата и во зависност од типот на објектите да се применуваат пропишаните стандарди согласно законската регулатива.

Подетална анализа од евентуалните влијанија врз човековото здравје се разгледуваат во понатамошните фази преку изработката на студиите за оценка за влијанието на животната средина/елаборатите за заштита на животната средина од различни аспекти на медиумите на животната средина што е и законска обврска.

Влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух

Со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Виница, не се очекуваат особени влијанија врз амбиентниот воздух. Одредени краткорочни влијанија врз квалитетот на воздухот се очекуваат во време на градба - изведбата на земјени и градежни работи при што се очекува појава на прашина, како фугитивна емисија на најситни честички на прашина и песок.

Во време на градежната фаза треба да се очекуваат, пред се:

• Повремено загадување на воздухот од местата на изведба на градежните активности кои ќе се користат и од видот на транспортот на градежните материјали;

• Целата градежна механизација за време на подготовката на теренот ќе има негативно влијание врз квалитетот на воздухот;

• Главен загадувач на воздухот за време на градежните активности ќе биде прашината предизвикана од копање, набивање на тлото, односно земјените работи.

Евентуалните влијанија од овој вид се анализираат детално во студиите за оценка за влијанието на животната средина/елаборатите за заштита на животната средина од сите аспекти на животната средина, како би се остварале поволни услови за подобрување на квалитетот на живеењето, животната и работната средина, што е и законска обврска, која треба да се реализира во фазата на добивање на одобрението за градба.

Согласно Законот за квалитет на амбиентен воздух ("Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 92/07 и 35/10) и подзаконските акти, кои произлегуваат од него, емисиите во воздухот се категоризираат како: точкасти емисии од стационарни и мобилни извори и потенцијални и фугитивни емисии. Емисија на штетни полутанти во воздухот се очекуваат во подготвителната и конструктивната, но истите се незначителни, додека пак во фазата на експлоатација или понатамошната грижа за депонијата не се очекуваат неконтролирани емисии.

Санацијата на депониите за комунален отпад и дивите депонии, пред се ќе придонесат за намалување или целосно елиминирање на моменталното незаконско отстранување на отпад што претставува закана за квалитетот на амбиентниот воздух и претставува ризик за човековото здравје.

Подготвителна и конструктивна фаза

Градежната механизацијата која ќе се користи во подготвителната и конструктивната фаза, како и предвидените градежни активности ќе претставуваат главен извор на загадување на воздухот.

Појавата на прашина, особено во ветровити периоди, е очекувана при вршење на ископи и превоз на материјали за изградба на насип на површината за одлагање на отпад, при изведба на земјани работи, како копање на ров за изградба на патишта, поставување на цевки за дренажен систем и изградба на бунар за мониторинг на подземни води, при ископ и отстранување на отпадот и контаминираната почва за преобликување на депонијата и набивање за изработка на цврста основа/подлога за депонијата и при транспорт, одлагање и набивање на ископаниот отпад и контаминирана почва според новопроектираниот облик на новата депонија. Влијанието врз квалитетот на воздухот се очекува да се манифестира во вид на емисии на издувни гасови, кои потекнуваат од движење на возила и машини кои работат на затворање и санација на депонијата.

Влијанието е локализирано на подрачјето на депонијата и патот кој води до депонијата и временски ограничено. Влијанието е незначително бидејќи во постапката

за санација на депонијата ќе бидат вклучени мал број на возила и градежна механизација, воопшто. Емисијата на суспендираните честички (PM2.5), која потекнува од активностите за согорување (моторни возила), достигнува големи растојанија и содржи органски соединенија и тешки метали кои негативно влијаат на животната средина и здравјето на луѓето.

Емисијата на издувни гасови ќе зависи од составот на користеното гориво, времетраењето на работите и динамиката на градежните активности.

При оцената на влијанијата врз животната средина и луѓето, особено важен фактор е поставеноста на локацијата каде што ќе се изведуваат планираните активности, во однос на населеното место и регионот, односно постоење на рецептори кои би биле засегнати. Локацијата на која ќе се изведуваат предвидените активности е на оддалеченост од ~5 km од населените места Лески, Градец и Виница. Влијанијата од емисиите во воздухот се оценуваат како директни и негативни, но тие се краткорочни.

Влијание предизвикано од зголемена бучава

За време на изведување на земјените и градежните работи, граничните вредности на основните индикатори за бучава предизвикани од градежната механизација и моторните возила ќе бидат надминати.

Бучавата која ќе се јави во подготвителната и конструктивната фаза, а ќе биде резултат од работата на механизацијата и транспортните активности ќе има негативно, но краткотрајно влијание врз осетливите слушни рецептори и живите организми во непосредна близина.

Подготвителна и конструктивна фаза

За време на подготвителната и конструктивната фаза на проектот, максимално дозволените нивоа на бучава, ќе бидат повремено надминати. Бучавата и вибрациите кои ќе се појават за време на подготвителната фаза и фазата на изградба се резултат од работата на градежната механизација која ќе биде ангажирана за реализација на градежните активности.

Градежните машини и транспортните средства предизвикуваат интензитет на бучава од 85-90 dB на местото на изворот, додека дисперзијата на звукот зависи од временските услови (брзина на ветерот, влажноста во воздухот, воздушниот притисок), конфигурацијата на теренот, апсорбциската моќ на вегетацијата и други фактори, чија што променливост придонесува кон отежнато предвидување на интензитетот на бучавата на поедини растојанија од изворите.

Ветерот делува на зголемување на интензитетот на звукот, при што зголемувањето на интензитетот на звукот скоро секогаш е во правец на ветерот. Влијанието на ветерот врз интензитетот на бучава е најголемо во зимскиот период. За влијанието на бучавата врз животната средина од пресудна важност е близината на

предметната локација до најблиските рецептори односно населби и слично. Единствени рецептори на влијанија од бучава ќе бидат работниците и вработените на депонијата, но влијанијата ќе бидат незначителни. Согласно класификацијата на подрачјата според степенот на заштита од бучава (објаснети подолу во текстов), проектната активност спаѓа во подрачје со IV степен на заштита. Како резултат на намената на локацијата предвидена за проектните активности каде нема населени места и сензитивни подрачја од бучава, не се очекуваат негативни влијанија како резултат на бучавата која ќе се појави за време на реализација на проектните активности. Единствени рецептори на влијанија од бучава ќе бидат работниците и вработените на депонијата, но влијанијата ќе бидат незначителни.

Влијанието од бучава и вибрации во конструктивната фаза ќе биде локално, директно, краткотрајно и со мал до среден интензитет. Главното влијание ќе биде предизвикано од работата на механизацијата во подготвителната и конструктивната фаза.

Класификација на подрачјата според степенот на заштита од бучава:

• Подрачје со заштита од бучава од прв степен вклучува подрачја на туризам и рекреација, подрачја во близина на здравствени институции за болничко лекување, како и подрачја на национални паркови и природни резервати (Ld – 50 dB, Le – 50 dB, Ln – 40);

• Подрачје со заштита од бучава од втор степен вклучува подрачја кои се главно наменети за живеење, станбени населби, подрачја во близина на образовни институции, образовни објекти и служби за социјална заштита за возрасни и деца (Ld – 55 dB, Le – 55 dB, Ln – 45);.

• Подрачје со заштита од бучава од трет степен е подрачје во кое се прифатени одредени човечки активности со бучава. Тие вклучуваат комерцијални подрачја, подрачја со мешани станбени делови, занаетчиски и производствени активности (комбинирани подрачја) (Ld – 60 dB, Le – 60 dB, Ln – 55);

• Подрачје со заштита од бучава од четврт степен е подрачје во кое се дозволени активности кои може да доведат до појава на засилена еколошка бучава. Тоа вклучува нестанбени подрачја, кои се исклучиво наменети за индустриски активности (Ld – 70 dB, Le – 70 dB, Ln – 60). Проектните локации се наоѓаат во ова подрачје

Влијание врз квалитетот на водите (површински и подземни)

Подготвителна и конструктивна фаза

Реализацијата на предвидените активности за санација на општинските депонии за комунален отпад и дивите депонии ќе резултира со позитивно влијание врз водните ресури, како површински така и подземни, поради тоа што сегашната пракса на одлагање на отпад на места кои не се наменети за депонирање (диви депонии најчесто

се создаваат во долови покрај патишта и покрај реки) ќе биде надмината, а нестандардните општински депонии после заворањето нема да претставуваат опасност поради протекување на исцедокот или лизгање на цели купови отпад и доспевање во површинските текови.

Постоечката депонија не располага со комунална инфраструктура, односно на локацијата не постои систем за водоснабдување, нити пак систем за одведување на отпадни води (санитарни јазли). На постоечката депонија нема објекти од тврда градба, нити пак постојано вработени лица, па според тоа не се создаваат нити санитарни отпадни води. Депонијата за комунален отпад во општина Виница, позната како депонија „Врши Дол" се наоѓа 1,2 км јужно од реката Лесковница, во близина на с. Лески.

Предвидените активности за санација не создаваат технолошка отпадна вода или други отпадни води, кои би можеле да влијаат на квалитетот на подземните води. Нарушување на квалитетот на подземните води може да има во случај на инцидентни ситуации, при неправилно ракување и истекување на гориво, нафта или масло за подмачување на транспортните возила или градежната механизација на локацијата каде се вршат активностите, но и на површини на кои нема депониран отпад.

Исцедокот од телото на депонијата настанува после врнежите и зависи од големината, површината на отворениот дел од телото на депонијата, количината и составот на отпадот, како и од количината на врнежите. Кога врнежите (или други течности) ќе се измешаат со биоразградливиот материјал во комуналниот цврст отпад, се создава исцедок и се зголемува распаѓањето, а со тоа и производството на депониски гас.

Главните компоненти на исцедокот се органските материи. Азотот со своите соединенија, исто така, има значајна улога. На телото на депонијата нема вграден систем за собирање на исцедок, нити пак дренажа за атмосферската отпадна вода.

Ова се двата главни нус-производи од биолошко распаѓање на отпадот, кои би можеле да имаат сериозно влијание врз животната средина и здравјето на луѓето. Подетална анализа од евентуалните влијанија врз квалитетот на водите се разгледаат во понатамошните фази (студиите за оценка за влијанието на животната средина/ елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска за предвидување посебни мерки согласно законската регулатива.

Влијание врз почвата

Подготвителна и конструктивна фаза

За време на оваа фаза ќе има ископи за ров за потребите на поставување на ограда, дренажен систем и контролна шахта во периметарот на депонијата. Поради изведбата на земјаните работи ќе се јави потреба од ископ и отстранување на одреден вишок ископан земјен материјал.

За време на санацијата при изведба на земјаните активности може да има емисија на прашина и летечки честички од отпадот на депонијата, кои ветерот може да ги разнесе и покрај контаминирање на околното земјиште може да дојде до контаминација и на околните обработливи површини.

При изведба на проектните активности ќе има емисија на издувни гасови од градежната механизација која ќе биде присутна на теренот. Моторните возила со внатрешно согорување се големи загадувачи и испуштаат големи количини на SO_2 и $N0_2$ кои во присуство на вода создаваат киселини кои ја закиселуваат почвата.

Во фазата на санација може да дојде до истекување на нафта, масло и други лубриканти поради неправилно ракување и управување или дефект на градежната механизација, што би предизвикало негативни влијанија врз околното земјиште.

Во преодната фаза можни влијанија врз почвата се неконтролирано истекување на процедни и атмосферски води, води од перењето на возилата кои вршат транспорт и депонирање на отпад, но и истекување на нафта, масло и други лубриканти при одржување или дефект на градежната механизација.

Оперативна фаза и понатамошната грижа за депонијата

Во оперативната фаза и понатамошната грижа за депонијата не се очекуваат емисии во почвата, бидејќи проектното решение предвидува затворање на постоечката депонија со поставување на покривен слој од почва до 50 см, слој од набиена глина до 50 см, мешавина од песок и чакал со 30 см и на крај се врши засадување на трева. На овој начин ќе бидат елиминирани емисиите не само во почва, туку и во воздухот.

За време на активностите во фаза на изведба, може да се очекуваат следниве влијанија на почвата:

Загадување на почвата заради несоодветно управување со отпадна вода и отпад,

Во случај на несакани истекување на горива, масла и мазива од градежни машини, кои, покрај влијанието врз почвата, со нивно прелевање и филтрирање низ почвата, резултираат со загадување на подземните води.

Во случај на несреќи, несакани истекувања на масло од градежната механизација, потребно е да се постапи во согласност со Законот за управување со отпад ("Службен весник на Република Македонија" бр. 216/21), т.е. загадената почва со отпадни масла и/или горива (опасен отпад) при евентуално инцидентно излевање од механизацијата и возилата ќе се отстрани и предаде на Собирач за отпадни масла, со договор за постапување.

Загадувањето на почвата може да предизвика загадување на подземните води.Подетална анализа од евентуалните влијанија врз квалитетот на почвата се разгледуваат во понатамошните фази (студиите за Оценка за влијанието на животната средина/елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска).

Влијание врз пределот

Санацијата на постоечката депонија како целина има позитвни влијанија врз заштита и зачувување на пределот.

Подготвителна и конструктивна фаза

Во фаза на изведување на работите може да има мало, но незначително влијание од аспект на естетски карактер, што би се манифестирало преку пристуство на градежна механизација и возила за транспорт на отпад, складирани материјали кои се потребни за затворање и санација на депонијата и сл.

Оперативна фаза

Во преодната фаза каде што еден дел од депонијата ќе биде сеуште активен, ќе има негативен естетски ефект, но со оглед на тоа што депонијата е надвор од населено место, овој ефект ќе биде минимален.

Во оперативната фаза е очигледно позитивното влијание, бидејќи санираната депонија ќе биде рекултивирана и засадена со трева, а во иднина во перидот на понатамошна грижа за депонијата постои можност за уредување на овој простор и користење за спорт и рекреација на населението.

Влијание врз културноисториско наследство

Културното наследство на регионот е симбиоза на непроценливи материјални и духовни вредности во една урбанистичко-архитектонска целина сочинувајќи нераскинливо единство на традиционални и уметнички вредности и книжевни, документациони фондови, почнувајќи од праисторијата до денес.

Доколку при реализација на земјаните активности на терен се наиде на археолошко наоѓалиште, треба да се постапи согласно одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Санацијата на постоечките општински депонии за комунален отпад, пред се ќе даде голем придонес кон вообичаениот начин на одлагање на отпадот, како и незаконското отстранување и расфрлање на отпадот, со што ќе се спречат или намалат евентуалните негативни влијанија врз културното наследство. Во близина на депонијата за комунален отпад во с. Лески е христијанскиот храм, Св. Јован Крстител, но лоциран на околу 600 метри од предметната локација и нема да претрпи оштетување при реализација на проектните активности.

Со реализација на проектните активности нема да бидат загрозени археолошки наоѓалиште. Доколку при вршење на активностите за санација се појави некое наоѓалиште веднаш треба да се извести Заводот за заштита на културните споменици.

Влијание врз биодиверзитетот (флора и фауна)

Во современото планирање на просторот, задачите на заштита на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната рамнотежа во екосистемите. Заштитата на природата ја опфаќа заштитата на биолошката и пределската разновидност и заштитата на природното наследство.

Подготвителна и конструктивна фаза

Во оваа фаза се очекува уништување на вегетација на деловите во периметарот на депонијата каде има вегетација. Вегетацијата која ќе се отстрани е главно рудерална, која не е под режим на законска заштита. Се очекуваат негативни влијанија од бучава, вибрации и прашина предизвикани од градежната механизација на околниот терестричен биодиверзитет. Овие влијанија се оценуваат како незначајни.

Реализацијата на проектните активности нема директно влијание врз природните вредности, врз биодиверзитетот и природното наследство. Подрачјето на активностите е категоризирано како земјоделско земјиште (ниви и пасишта), но во близина на локацијата не се евидентирани заштитени подрачја или подрачја кои се предложени за заштита.

Генерално, санацијата на постојните депонии се очекува да резултира со позитивни влијанија врз квалитетот на живеалиштата и заштита на растителните и животинските видови.

Депонијата не е соодветно оградена и обезбедена така што таа многу често е мета на одредени животни, глодари и птици, кои го расфрлаат отпадот наоколу и го зголемуваат ризикот од појава на заразни болести. Со проектните активности за затворање на депонијата се предвидува оградување на новата реконструирана депонија со што ќе се елиминира наведената негативна појава.

Во случај на несреќа, односно појава на пожар или дисперзија на прашина и честички од депонијата, како и непридржувањето кон мерките за заштита може да резултира со одредени негативни влијанија врз околните живеалишта.

Проектот за санација и затворање на постоечката депонија, предвидува поставување на покривен слој од почва до 50 cm, слој од набиена глина до 50 cm, мешавина од песок и чакал со 30 cm и на крај се врши засадување на трева. Предвидената рекултивација и засадување со трева е значаен придонес кон подобрување на состојбата со биодиверзитетот, но и унапредување на пределските и естетските карактеристики.

Оперативна фаза

Во оперативната фаза и понатамошната грижа за депонијата, односно после целосното затворање на депонијата не се очекуваат негативни влијанија врз биодиверзитетот.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

• Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;

• Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;

• Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;

• Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;

• Рационална изградба на инфраструктурата;

• Концентрација и ограничување на изградбата;

• Правилен избор на соодветна локација.

Според Законот за заштита на природата („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18) и Законот за животна средина („Сл. Весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот кои треба строго да се почитуваат.

Влијание врз материјалните добра

Во близина на локацијата за реализација на проектните активности се наоѓа постоечки регионален пат Р 2334 и Р 1304. Друга постоечка инфраструктура не е евидентирана. При предвидените активности за санација на депонијата не се очекуваат оштетувања на постојната инфраструктура (пат и земјоделски имот).

Влијание на отпад

Кога се работи за проблемот на загадување на животната средина неизбежен е податокот дека цврстиот комунален отпад претставува директен загадувач на животната средина и затоа треба да му се даде едно од приоритетните места за негово решавање. Со правилен пристап и изнаоѓање на соодветни технички решенија за собирање,

изнесување и третирање на цврстиот комунален отпад ќе се подобрат општите услови за живеење, истовремено директно ќе влијае на заштитата на животната средина.

Еколошките проблеми кои се наметнати од несоодветното третирање на отпадот се од висок ризик бидејќи влијаат врз самото население посебно врз младата популација, нивното здравје, животната средина и општиот прогрес.

Правилно управување со отпадот во согласност со меѓународно прифатените стандарди и норми значително ќе придонесе за намалување на влијанијата на отпадот врз почвата (од неконтролираното фрлање на отпад), подземните води (директно загадување од долгорочното неконтролираното фрлање на отпадоци) и воздухот (од горење на отпадот на отворено). Производителите на отпад се должни во најголема мера да го избегнат создавањето на отпад и да го намалат негативното влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.

Комуналниот отпад од градот Виница и од неколку населени места (Јакимово, Населба Градец, Викенд населба Горна Осојница) се депонираат на градската депонија „Врши Дол" во близина на село Лески додека комуналниот отпад од с. Истибања и с. Блатец се депонира на сопствени неуредени ѓубришта.

Во градот Виница, с.Јакимово и Нова населба Градец комуналниот отпад организирано се собира од страна на ЈКП Солидарност.

Во с. Блатец отпадот го собира ЈКП „Кале", додека во с. Истибања месната заедница има организирано собирање на отпадот. Во с. Пекљани има одредено место каде се исфрла отпадот, а додека во другите населени места не постои организирано собирање на отпад.

Општина Виница годишно генерира 5.014 m^3 комунален отпад, 6.128 m^3 комерцијален додека депонира 81,12 m^3 пластика, метал и стакло, пепел 236,9 m^3 и друг неопасен отпад 223 m^3.

Од ноември 2012 година општина Виница започна со примарна селекција на отпадот првенствено на пет амбалажата како и хартијата со тенденција на намалување на депонирање на овој вид на инертен отпад на депонија односно негова редуцирање и рециклирање.

Управувањето со отпад во општина Виница е во надлежност на ЈКП „Солидарност" од Виница, во кое има работна единица (РЕ) „Комунална хигиена" која е задолжена за управување со отпад.

РЕ располага со 2 специјални комунални возила за собирање на комунален отпад со капацитет од 8 m^3, едно комунално возило со капацитет од 9 m^3 и 2 специјални комунални возила со капицитет 5 m^3 кои се опремени со механизми за утовар на стандардни канти за отпад со капацитет од 80 до 120 литри и механизам за утовар на стандардни контејнери за отпад со капацитет од 1,1 m^3.

За тешко пристапни терени се користат трактори со приколка. За одржување на градската депонија ЈПКД Солидарност располага со еден булдожери гасеничар.

Според теренската проспекција е направена проценка на обемот на телото на депонијата, кој изнесува 115.780 m^3. Максималната дебелина на наталожениот отпад изнесува скоро 6 m.

Подготвителна и конструктивна фаза

Отпадот при реализација на активностите за санација на постоечката депонија претставува депонираниот отпад кој веќе е одложен на депонијата. Отпадот не класифициран и селектиран пред негово одлагање, а исто така не подлежи на претходен третман, така што според Листата на видови отпади би можел да се класифицира како измешан комунален отпад со шифра 20 03 01.

Како дополнителен отпад што ќе се создаде при изведување на проектните активности е градежен отпад како резултат на активности како и отпад од ископ (машински или рачен) на земја и камења, растителен отпад (грмушки и тревести растенија), потенцијално опасен отпад (загадена почва) чии количини ќе зависат од обемот на работите, односно од површините кои ќе се обработуваат. Како потенцијален течен отпад се масла и горива. Создадениот течен опасен отпад (масла и масти, нафтени деривати, бои), загадена замастена земја треба да се собираат и чуваат на локацијата, во соодветни садови, се до преземање на лиценцирано правно лице.

Во оперативната фаза на депонијата, не се очекува создавање на отпад.

Видовите на отпад кои ќе се создаваат за време на проектните активности при процесот на затворање на депонијата, како и начинот на кој што ќе се постапува со различните видови на отпад, се прикажани во следната табела:

Табела 2 Видови на отпад и количини

Ред. број	Вид на отпад	Број од Листата на видови на отпад (Сл. Весник бр. 100/2005)	Количина на отпад на годишно ниво изразени во тони или литри	Начин на постапување со отпадот (Преработка, складирање, предавање, отстранување и слично)	Назив на правно лице кое постапува со отпадот и локација каде се отстранува отпадот
1	Измешан комунален отпад	20 03 01	сса 115.000 $м^3$	Депонија „Врши Дол"	ЈКП Солидарност
2	Земја и камења и ископана земја	17 05 04 17 05 06	/	Повторна употреба за пристапен пат	ЈКП Солидарност
3	Отпад од	13 07*	/	Складирање на	Овластено

	течни горива - мазут и дизел гориво - бензин	13 07 01* 13 07 02*		соодветна локација до негово превземање од страна на овластени лица	физичко или правно лице

4..	Исцедок од депонии што не содржи опасни супстанции	19 07 03	цца 2 м^3/ден	Санација, затворање на депонија	Изведувач ЈКП Солидарност

*Опасен отпад согласно Листата на видови на отпад ("Сл. Весник на РМ" бр. 100/05)

Влијание од несреќи и хаварии

Можни несреќи и хаварии кои би настанале од имплементацијата на овој плански опфат е појава на пожар, елементарни непогоди и други хаварии. Во планскиот опфат се разработени мерки за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природните катастрофи.

Негативни влијанија кои може да се појават за време на изведување на активностите за санација на депонијата се поврзани со ракување, управување и одржување на градежната механизација и транпортние возила. Дефектите и сообраќајните незгоди може да доведат до повреди на работниците, излевање на гориво, масло и лубриканти во почвата

Незгодите при работа со механизацијата може да доведат до лична повреда на работниците.

Незгодите поради случајно истекување на гориво при полнење на машини и возила, истекување на масло и други лубриканти може да предизвикаат загадување на почвата, подземните и површинските води.

Пожарот и експлозијата се едни од најчестите незгоди кои се појавуваат при управување со депонии, но не се исклучени и за време на санација на депонијата.

При појава на пожар, без разлика дали тоа е предизвикано од неконтролирано палење или самозапалување на отпадот под дејство на кислород во телото на депонијата, може да доведе до повреди на работниците, а при тоа може да настанат и да дојде до вдишување на отровни гасови. Пожарот исто така може да се пренесе на околниот простор и да предизвика големи штети врз околната вегетација и имотот на населението кој се наоѓа во близина.

Останати несреќи и непогоди кои може да се очекуваат, се незгоди предизвикани од природни појави (гром, интензивни врнежи и ветрови, поплави, високи температури, земјотреси) и тие имаат голем број на негативни влијанија врз почвата, ерозија на покривниот, завршен слој на отпадот, појавата на големи количини на исцедок и

атмосферски води кои неконтролирано се излеваат во животната средина. Планот за безбедност и здравје при работа на работници кои работат на привремени мобилни градилишта согласно Правилникот за минимални барања за безбедност и здравје при работа на привремени и мобилни градилишта ("Сл. весник на РМ" бр. 105.08) дава детална анализа на овие влијанија и Студиите/Елаборатите согласно законската регулатива на нашата земја.

7. Мерки за заштита, намалување и неутрализирање на значајните влијанија врз животната средина од имплементација на планскиот документ

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на Република Македонија (член 8) и е регулирана со Законот за животна средина, како и останатите закони и подзаконски акти кои се наведени во овој Извештај. Овој Извештај, кој се базира на релевантните податоци од Просторниот план на Република Македонија, Националниот Еколошки Акционен План, секторски студии за одредени области, како и податоци утврдени на самиот локалитет, предвидува и мерки за заштита на животната средина од влијанијата кои се очекуваат со имплементацијата на планската документација, а кои е потребно да се испочитуваат во текот на подготовката на планската документација.

Според Планот за затворање на нестандардни општински депонии за комунален отпад и диви депонии, ниту една од комуналните депонии не ги исполнува барањата за санитарна работа и заштита на животната средина. Планот предвидува и затворање на избраните општински депонии, а процесот ќе се изведува паралелно со отворањето на новите регионални депонии.

Поради недостигот на доволно релевантни податоци за постоечкото загадување на почвата и на подземните води, контаминацијата не може да се потврди со докази. Сепак, депониите претставуваат потенцијална опасност за загадување на почвите, површинските води и подземните води и воздухот, како и ризик за биодиверзитетот, земјоделското земјиште и здравјето на луѓето.

Во врска со спроведувањето на проектот за кој се спроведува оваа постапка, може да се заклучи дека санацијата на депонијата како реализиран проект во секој поглед има само позитивни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето.

Програмата за заштита на животната средина има за цел да утврди и предложи мерки за намалување на можните негативни влијанија врз животната средина од активностите кои ќе се спроведат за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад , општина Виница.

Влијанијата врз животната средина можат да варираат од незначајни до многу значајни и од краткорочни до долгорочни. Многу од влијанијата врз животната средина произлезени од проектните активности можат да бидат намалени преку

имплементирање на ефективни мерки за ублажување. Мерките за ублажување можат да бидат ефективни само доколку се применуваат соодветно и доколку се воспостави следење на нивната имплементација, за да се осигура планираниот ефект на спроведената мерка.

Во текот на изведба на предвидените активности за санација се очекуваат одредени, умерени и временски ограничени негативни влијанија за кои е потребно да се предвидат соодветни мерки за спречување и намалување на можните негативни влијанија.

Депониите, а особено депониите за комунален отпад не можат да се игнорираат по нивното затворење. Процесите на биолошка деградија и хемиските процеси не запираат со затворањето на депонијата, односно емисиите не се намалени во таа мера за да немаат влијание врз животната средина.

Локациите на затворените депонии не се погодни за изградба на згради, односно препорачливо е да се користат како терени за рекреација.

Дупнатини за мониторинг на животната средина

На секоја санирана нестандардна депонија за комунален отпад (со исклучок на оние што треба да се исчистат од нивниот отпад) треба да се инсталираат три дупнатини за следење на квалитетот на подземните води. Дупнатините треба да се дупчат до максимална длабочина од 30 m или, доколку постојат подземни води до 3 m под нивото на подземна вода.

Репери за слегнувања

Геодетски репери за мониторинг на слегнувањето на депонијата треба да бидат инсталирани на секое депониско тело.

Процедури за понатамошна грижа

Вообичаено се мониторираат следниве параметри:

• Депониски гас (волумен и состав),

• Исцедок (волумен и состав),

• Подземни води (состав),

• Слегнување (дното на депонијата, горната површина на депонијата),

• Процеси на биолошка деградација во депониското тело,

• Ефикасност на системот за површинско заптивање,

Врз основа на резултатите од мониторингот, ќе бидат дефинирани конкретни мерки, на пример:

• Поправка или реконструкција на системот за површинско заптивање,

• Одржување на вегетација,

Понатамошната грижа за депонијата зависи од индивидуалните околности. Затоа е невозможно да се одреди времетраењето на периодот по затворањето. Согласно член 10 од Директивата на ЕУ за депонии потребни се 30 години грижа по затворањето на депонијата. Меѓутоа, ова време само ја формира основата за пресметка на финансиските надоместоци за депониите.

Во однос на генерирањето на депонискиот гас, податоците што го опишуваат генерирањето на гас од депонија покажуваат дека значителна емисија може да се случи максимум 30 до 40 години по прекинот на депонирањето. Подоцна ќе има само маргинални емисии на гасови.

Што се однесува до создавањето исцедок, крајот на периодот на грижа по затворањето се претпоставува дека е во моментот кога ќе се достигнат македонските прагови за испуштање исцедок во водите.

Систем за зафаќање и одведување на атмосферски води

Атмосферските води се зафаќаат во ободни канали покрај ножицата на депониското тело и покрај пристапниот пат. Каналите мора да се одржуваат и чистат од плевел, лисја и наслаги од песок двапати годишно и дополнително кога се забележува блокирање при редовните контроли.

Пристапен пат

Пристапниот пат покрај ножицата на затворената депонија мора да се одржува и чисти од вегетација два пати годишно.

Вертикални бунари за одведување на депониски гас

Вертикалните бунари за одведување на депонискиот гас мора да се одржуваат и чистат од плевел, лисја и наслаги од песок двапати годишно и дополнително кога се забележува блокирање при редовните контроли. Ако се користи биофилтерски материјал, истиот треба да се менува еднаш годишно.

Депониско тело

Најмалку две години по затворањето на депонијата, локацијата треба да се проверува месечно за да се обезбеди обновување на вегетацијата и да се следи каква било ерозија или таложење на финалната покривка. Затворената депонија треба да продолжи да се следи на поретко ниво до триесет години по затворањето на депонијата.

Важно е да се осигура дека незаконското депонирање нема да продолжи на која било затворена депонија.

Мерки за намалување на влијанијата врз човековото здравје

За време на изведување на санацијата на депонијата, најзасегнати ќе бидат работниците кои ќе бидат вклучени во изведување на работите и жителите во населеното место. За ублажување на овие влијанија се препорачуваат следните мерки:

- Изведување на земјените и градежните работи да се врши во текот на денот.

- Работниците кои се ангажирани треба да бидат опремени со лична заштитна опрема во согласност со Законот за безбедност и здравје, соодветно одело и опрема за работа, како на пр. заштита од бучава, заштитни очила, заштитни чевли со метален ѓон во „S" изведба, гумени ракавици и слично;

По финално затворање на депонијата и нејзина рекултивација не се очекуваат негативни влијанија врз здравјето на луѓето.

Целокупната проектна документација ќе и биде достапна за јавноста. Во рамките на тековните активности, лицето за спроведување на социјалните аспекти е задолжено за спроведување предвидените активности за информирање, комуникација и соработка со засегнатите страни.

Од самиот почеток на овој проект, тимот кој раководи со него, посветува големо внимание на информациите, консултациите и соработката со засегнатите страни.

Целта на формалниот механизам за жалби и поплаки е да се осигура дека сите коментари, прашања и поплаки од работниците и надворешните засегнати страни за проектот ќе бидат разгледани и дека ќе бидат преземени соодветни корективни мерки.

Востановен е ефикасен формален механизам или постапка за коментари, жалби и поплаки со цел да им се овозможи на засегнатата заедница и вработени да ја изразат загриженоста во однос на проектните активности.

Било кое лице или организација може да достави коментари, прашања и/или жалби, лично, преку телефон или преку пошта или преку е-пошта, користејќи ги информациите за контакт дадени подолу.

Времето на одговор на поплаки ќе биде во согласност со националното законодавство за овој предмет.

Сите информации во врска со постапката за поплаки ќе бидат широко распространети на локацијата во предметната општина, проектната канцеларија и кај локалната власт.

Мерки за намалување на влијанијата врз социо-економската состојба

Во непосредна близина на селото Лески, во чија катастарска општина се наоѓа депонијата „Врши Дол" поминуваат Р2334 и Р1304. Друга постоечка инфраструктура не е евидентирана. При предвидените активности за санација на депонијата не се очекуваат оштетувања на постојната инфраструктура (пат и земјоделски имот), па поради тоа не се предвидуваат мерки за намалување на влијанијата.

Реализацијата на планскиот документ позитивно ќе влијае на социо-економската состојба на населението, ќе го подобри квалитетот на живеењето и ќе го зголеми стандардот на населението. Со планско уредување на просторот и реализација на предвидените плански решенија ќе се зголеми економската вредност на земјиштето и во негова непосредна околина, ќе се создадат услови за искористување на расположивата работната сила, економски раст и добросостојба на локалното население.

Мерки за намалување на загадување и заштита на воздухот

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина и неопходно е при проектирање и реализација на објектите да се применат и имплементираат современи технологии и најдобри достапни техники кои го заштитуваат воздухот од загадување.

Санацијата на депониите за комунален отпад и дивите депонии, пред се ќе придонесе за намалување или целосно елиминирање на моменталното незаконско отстранување на отпад што претставува закана за квалитетот на амбиентниот воздух и претставува ризик за човековото здравје.

Идентификувни се различни влијанија врз животната средина, како резултат на проектните активности за затворање на депонијата, кои се дадени во претходното поглавје. Предложени се следните мерки за намалување на влијанијата:

Инсталирање на пасивен систем за вентилација кој ќе го собира депонискиот гас, кој се очекува да биде помалку од 10 $м^3$/h после затворањето на депонијата. Оксидацискиот прозорец ќе биде поставен на врвот на финалната прекривка и ќе има за цел собирање на депонискиот гас и конвертирање на метанот во јаглерод диоксид (CO2) и вода (H_2O). Дренажниот слој за биогасот треба да биде инсталиран во согласност со цртежите и препораките дадени во спецификациите дефинирани во идејните проекти за секоја од депониите засебно. Локацијата на оксидацискиот прозорец ќе биде на врвот на финалната прекривка и ќе биде изведен со вметнување на слој од глина, со површина од 2$м^2$ (2.0x1.0м');

Набивањето и покривањето на телото на депонијата, емисиите на непријатен мирис ги сведува на минимум, така што влијанието врз квалитетот на воздухот е занемарливо;

Рекултивацијата на теренот, засадување трева на санираната локација, е еден чекор кон заштита и унапредување на квалитетот на воздухот. Засадување на дрва и хротикутурно уредување на просторот е исто така мерка за подобрување на квалитетот на воздухот.

Мерки за намалување на влијанијата врз климатските промени

Реализацијата на оваа содржина нема да има значителни импликации врз микроклимата на анализираното подрачје.

Предвиденото озеленување на просторот треба да се изведува плански со претходна анализа на изборот на вегетација, со цел да се придонесе кон намалување на присутните загадувачки материи во воздухот, кои се очекуваат заради зголемената концентрација на возила околу опфатот. Дополнително, видот на дрвјата може да придонесе за намалување на околната температура на воздухот, а со тоа да го ублажи влијанието на високите температури во летниот период.

Мерки за заштита од бучава, вибрации и нејонизирачко зрачење

За време на подготвителната и конструктивната фаза од проектот, максимално дозволените нивоа на бучава ќе бидат повремено надминати. Депонијата се наоѓа во подрачје со четврт степен за заштита од бучава определено според Правилникот за локации на мерните станици и места („Сл. весник на РМ" бр. 120/08). Бучавата ќе биде резултат од работата на механизацијата и транспортните активности ќе има негативно, но краткотрајно влијание врз осетливите рецептори и живите организми во непосредна близина на предметната локација (с.Лески).

Градежни активности не се дозволени во текот на ноќта – работењето на локациите е ограничено на времето помеѓу 7:00 и 19:00 часот. Работното време на проектниве локации е од 8:00 и 16:00 часот;

Мерките за спречување на бучавата мора да се применуваат во однос на целата градежна опрема. Во текот на работењето, капаците на моторите на генераторите, воздушните компресори и другата механичка опрема која работи на струја се затворени. Во случај возилата или машините да се расипат на локација, се повикува сервисот од кој се набавени. Тие го превземаат возилото или машината и ги носат во сопствениот сервис, каде ги поправаат и ги враќаат поправени на терен;

Механизацијата редовно се одржува од страна на оригиналните сервиси од кои се набавени.

За да се ублажат влијанијата, ќе бидат имплементирани следниве мерки:

Ограничување на активности во дневно работно време,

Исклучување на моторите на возилата и градежните машини кога не се користат,

Одржување на возила и градежна механизација во технички исправна состојба.

Во оперативната фаза, односно при понатамошната грижа за депонијата не се очекува зголемено ниво на бучава, па според тоа не се предвидуваат мерки за намалување на влијанијата.

Мерки за намалување на влијанијата врз почвата

При вршењето на ископ на отпадот и контаминирано тло се препорачува ископите да се вршат контролирано и во согласниот со предмер пресметките од основниот проект со што ќе се ублажи влијанието и ќе се осигура дека нема непотребно отстранување на почва.

Излеаното гориво, масла, лубриканти кои ќе се употребуваат, при високи надворешни температури се лесно испарливи, но и запаливи течности, кои можат да предизвикаат пожар.

Поради наведените влијанија, се препорачува примена на следните мерки:

- Контрола на исправноста на градежната механизација и транспортните возила;

- Контролирано ископување на почва и повторна употреба на отстранетиот површински слој при изградбата на насипи и косини доколку е можно.

- Во случај на несреќа, санацијата на загадената почва да се изврши со собирање на загадениот слој на почва, посипување со песок и отстранување, при што со загадениот материјал ќе се постапува како со опасен отпад;

- Дренажниот систем за собирање и одведување на исцедокот, како и системот за одведување на атмосферските води индиректно позитивно влијае во контекст на заштита и подобрување на квалитетот на почвата.

За да се ублажат влијанијата, треба да бидат имплементирани следниве мерки:

Редовно сервисирање на градежните машини и контрола на исправноста на градежната механизација и транспортните возила;

Прекин на работните активности при неконтролирано излевање на гориво, масло, лубриканти и хемикалии, правилно управување со загадената почва од масти и масла. Загадената почва со отпадни масла и/или горива (опасен отпад) при евентуално инцидентно излевање од механизацијата и возилата ќе се отстрани и предаде на Собирач за отпадни масла (Кој има Дозвола за собирање и транспорт на опасен отпад).

Поставување мобилни тоалети и склучување договор со компанија што ќе ги преземе и исчисти со Договор за соработка.

Правилно ракување со масла и сл. суровини и помошни материјали, нивно чување затворени, покриени, во оригинални пакувања, односно кои нема да дозволат растурање или излевање во околната почва.

При вршењето на ископ на отпадот и контаминирано тло се препорачува ископите да се вршат контролирано и во согласниот со предмер пресметките од основниот проект со што ќе се ублажи влијанието и ќе се осигура дека нема непотребно отстранување на почва.

Друго посериозно загадување на почвата и индиректно на подземните води може да се случи при излевање на гориво, масла/лубриканти од механизацијата и возилата кои ќе се употребуваат при реализација на предметните активности. Воедно, излеаното гориво, масла, лубриканти кои ќе се употребуваат, при високи надворешни температури се лесно испарливи, но и запаливи течности, кои можат да предизвикаат пожар. Прекин на работните активности при неконтролирано излевање на гориво, масло, лубриканти;

Влијанијата врз почвата во оперативната фаза не се очекуваат зошто ќе се постави непропусен слој и депонијата ќе биде затворена.

Мерки за намалување на влијанијата врз флората и фауната

Заштитата на природата се уредува преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја, надвор од заштитени подрачја како и заштита на природните реткости.

Во современото планирање на просторот, мерките и активностите за заштитата на природата се насочени кон активно уредување и заштита на природата и средината во која човекот живее и работи.

Доколку при изработка на урбанистичката документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

• Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;

• Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;

• Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;

• Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;

• Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;

• Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18). Доколку при изработка на планската документација од пониско ниво се дојде до одредени нови сознанија за природно

наследство кое може да биде загрозено со реализација на планот, потребно е да се превземат мерки за заштита согласно со Закон за заштита на природата.

Како мерки за намалување на влијанијата при санацијата на постоечката депонија се препорачуваат:

- Внимателно изведување на земјените и градежните работи (ограничување на површината на градежните работи, контролирано отстранување на вегетацијата при расчистување на теренот и вршењето на ископи);

- Контролирање на нивото на бучава и вибрации, водење сметка за репродуктивните периоди и вегетациските процеси;

- Санацијата на постоечката депонија предвидува нејзино затворање и рекултивација, односно озеленување со тревна вегетација;

За да се ублажат влијанијата, ќе бидат имплементирани следниве мерки:

ограничување на опфатот на градилиштето на минимален потребен простор;

користење на технички правилна и редовно контролирана и сервисирана градежна механизација и употреба на соодветни горива;

ограничување, локализација на движењето на работниците во рамките на градилиштето со цел да се избегне нарушување на локалната флора и фауна;

забрана за палење оган;

почитување на прописите за управување со отпад.

Во фазата на експлоатација при нормално функционирање не се очекуваат влијанија врз флората и фауната.

Мерки за намалување на влијанија врз пределот

Предвидените активности во планската документација ќе бидат во насока на зачувување и подобрување на естетските потенцијали на пределот. Планската реализација со обезбедување на заштитни појаси со високо и ниско зеленило само ќе го надополни пределот во позитивна смисла.

Како мерки за намалување на влијанијата врз пределските карактеристики во фазата на санација, затворање на депонијата, се предлагаат:

- Контролирано складирање на градежната механизација и опрема, како и материјали кои се користат при изведување на проектните активности на места предвидени за таа намена.

Предложени мерки за намалување на влијанијата за време на фазата на понатамошна грижа за депонијата се:

- Со предвидената рекултивација, односно засејување на тревна вегетација, ќе се придонесе кон оплеменување на пределот и пејсажните карактеристики;

- Поставување ознаки за забрането фрлање на отпад.

Површината на депонијата ќе биде засеана со трева, а на некои одредени места ќе бидат засадени локалните видови дрвја.

- Сеењето со трева ќе биде мешавина од семиња на трева (50%) и семиња од детелина (50%) кои доаѓаат од реномирани фирми и со сертификат за потекло. Тие мора да имаат соодветна големина, изглед и боја одобрени од страна на надзорниот инженер.

Мерки за намалување на влијанијта врз материјалните добра

Имплементацијата на Урбанистички проект затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад , општина Виница, има позитивно влијание врз материјалните добра. Во непосредна близина на селото Лески, во чија катастарска општина се наоѓа депонијата „Врши Дол" поминуваат Р2334 и Р1304. Друга постоечка инфраструктура не е евидентирана. При предвидените активности за санација на депонијата не се очекуваат оштетувања на постојната инфраструктура (пат и земјоделски имот), па поради тоа не се предвидуваат мерки за намалување на влијанијата.

Мерки за намалување на влијанијата врз културното наследство

Санацијата на постоечките општински депонии за комунален отпад, пред се ќе даде голем придонес кон вообичаениот начин на одлагање на отпадот, како и незаконското отстранување и расфрлање на отпадот, со што ќе се спречат или намалат евентуалните негативни влијанија врз културното наследство. Црквата Св. Јован Крстител е на доволна оддалеченост од предметната локација, па според тоа не се предвидуваат мерки за намалување на влијанијата.

Согласно Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) се уредуваат видовите, категориите, идентификацијата, начинот на ставање под заштита и другите инструменти за заштита и користењето на културното наследство, правата и должностите на имателите и ограничувањата на правата на сопственост на културното наследство во јавен интерес.

Во текот на реализација на предвидените површини од овој план, доколку се наиде на археолошки остатоци заради превземање на заштитни мерки, потребно е да се информираат службите надлежни за заштита на културно-историското наследство кои ќе пропишат посебни услови и режим за нивна заштита. При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдениот локалитет со културно наследство и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижно културно наследство:

• Задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработка на просторните и на урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите и во вкупниот развој на државата;

• планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно-историска димензија и соодветна презентација;

• измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштита на недвижното културно наследство.

Доколку при вршење на активностите за санација се појави некое наоѓалиште веднаш треба да се извести Заводот за заштита на културните споменици. Според член 37 од Законот за културно наследство, дефинирани се недвижните добра, задолжителен примерок, како културно наследство од големо значење, кое на надлежните институции и архивскиот материјал им се дава како значајно културно наследство и подвижно културно наследство.

За време на изведбата на работите доколку се најде археолошки локалитет, изведувачот е должен да постапи согласно со член 65, од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр: 20/04, 115/07) и да го пријави откритието според член 129 став 2 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на РМ“ бр: 20/04, 115/07), да престанат со работите и да се заштити откритието од евентуална штета и уништување, како и од неовластен пристап и одржување на откриените резултати на место и состојба како кога се пронајдени.

Мерки за намалување на влијанијата од управување со отпад

Со цел да се подобри начинот на управување со отпадот при процесот на изведба на градежните активности, согласно законската легислатива во областа на управувањето со отпад, се ќе се превземат следните мерки:

- Селекција и класификација на сите видови на отпад согласно Законот за управување со отпад (“Сл. весник на Р.М.“ бр. 216/21);

- Редовно сервисирање на возилата и механизацијата во текот на изведувањето на градежните активности со цел избегнување на евентуално истекување на моторно масло и/или гориво. Сервисирање на механизацијата се врши во сопствен сервис. Патничките возила се сервисираат во овластени сервиси на компанијата од која се купени возилата. Транспортните средства и возилата од проектот се одржуваат во овластени сервиси, зависно од типот, односно марката на возилото. Се носат возилата

во овластениот сервис за редовно одржување, или тие доаѓаат да ги превземат ако се работи за моментални проблеми на проектната локација.

- Загадената почва со отпадни масла и/или горива (опасен отпад) при евентуално инцидентно излевање од механизацијата ќе се отстрани и предаде на Собирач за отпадни масла со договор за постапување, (кој има Дозвола за собирање и транспорт на опасен отпад), согласно Правилникот за постапките и начинот на собирање, транспортирање, преработка, складирање, третман и отстранување на отпадни масла, начинот на водење евиденција и доставување на податоците (“Сл. весник на Р.М.“ бр. 156/07).

-Договор со овластена компанија за собирање и понатамошно управување со различни видови отпад,

-Отпадот ќе се создаде при изведување на проектните активности како што се ископување, поставување на цевки, употреба на механизација и отпад произведен од работниците кои ќе ги изведуваат активностите. Отпадот кој ќе се создаде при изведување на проектните активности, воглавно се состои од: мешан комунален отпад, биоразградлив отпад (хумус), земјан материјал, моторни масла, загадена почва и исцедок од депонии.

- Редовно сервисирање на возилата и механизацијата во текот на изведувањето на градежните активности со цел избегнување на евентуално истекување на моторно масло и/или гориво. Сервисот да се врши во овластени места за таа намена;

- Отстранетата вегетација и хумус за време на подготвителните активности може да се транспортира до локалното население за нивни потреби, како на пример компостирање.

Мерки за намалување на влијанијата врз квалитетот на површинските и подземните води

При реализацијата на планот да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот и количината и режимот на површинските и евентуално присутните подземни води. При реализација на активностите на терен да се избегне губење, модификација и фрагментација на природните живеалишта и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите.

Санацијата на депонијата ќе овозможи спречување на загадување на површинските водни текови и подземните води.

Како мерки во фаза на санацијата на депонијата се препорачуваат следните мерки:

- Градилиштата на кои ќе се ракува и ќе бидат складирани опасни материи треба да бидат лоцирани на места каде што нема можност од загрозување на подземните води;

- Полнење на механизацијата со гориво треба да се одвива во локации наведени во план за организација на градилиште, место кое ќе биде обезбедено со водонепропусна подлога и на најмалку 50 m оддалеченост од реката;

- Проектот предвидува инсталирање на внатрешен ров за собирање на процедните води, кој ќе биде изведен на косините на депонијата во непосредна близина на пристапниот пат до депонијата. Потребно е ровот (каналот) да се одржува во чиста состојба, да се чисти од корења, лисја и наноси на песок еднаш годишно или по потреба кога ќе се приметат одредени обструкции и запушувања;

- Очекуваната количина на создаден исцедок би била 3 м^3/day. Проектот исто така предвидува и поставување на уред за мониторинг на квалитетот на подземните води (3 пиезометри DN110 mm поставени на длабочина од најмалку 2 m под површината на водното тело) со ќе се добиваат податоци за квалитетот на подземните води. За да се ублажат влијанијата, ќе бидат имплементирани следниве мерки:

Обезбедување на минимална големина на работните зони,

Забрането одвивање активности (на пример паркирање возила и механизација и маневрирање на речен брег, привремено чување на суровини и помошни материјали) во непосредна близина, односно до само речно корито,

Престанок на градежните активности во случај на неконтролирано истурање на гориво, масло, мазива и други хемикалии, посипување со песок и отстранување на загадениот почвен слој. Загадениот почвен слој ќе се третира како опасен отпад кој го прифаќа компанија со договор за постапување.

Поставување на мобилни тоалети на одредени места и склучување договори со компанијата што ќе ги презема и чисти.

Не е дозволено одложување на отпад покрај речно корито,

Правилно ракување со масла и слични помошни материјали. На локацијата не се чуваат масла. Промената на масла се врши во овластени сервиси, согласно потребната динамика за замена на масла, односно редовни и вонредни сервиси во овластени сервиси за возила со кои има соработка (набројани погоре во документов). Привремено се чуваат во оригинални пакувања во самото возило, затворени, покриени, не во близина на површински води. Отпадните масла ќе ги прифаќа компанија со договор за постапување.

Мерки за намалување на влијанијата од несреќи, хаварии, пожари и природни катастрофи

За намалување на можните влијанија предизвикани од несреќи и хаварии се препорачува имплементација на мерките дадени во планската документација, во фазата на изведба, што ќе овозможат минимизирање на евентуалните појави за несреќи и хаварии во оперативната фаза.

Со цел спречување на евентуална појава на хаварија на предметната локација неопходно е изготвување на План за безбедност и здравје при работа (согласно Правилникот за минимални барања за безбедност и здравје при работа на привремени и мобилни градилишта - "Сл. весник на РМ" бр.105/08).

Реализацијата на предвидените мерки за заштита при работа е неопходна со цел да се избегне евентуална појава на хаварии, пред се пожари од поголеми размери кои би влијаеле негативно, како по работната, така и по животната средина, пред се поради: емисија на штетни полутанти во воздухот, материјални штети и човечки жртви.

Извршителите на градежните активности мора да бидат снабдени со соодветна опрема за лична заштита.

Поставување на ПП апарати во возилата и механизацијата кои ќе се употребуваат при активностите;

Обележување и осигурување на локацијата, согласно законските прописи од областа на безбедност и здравје при работа;

Поставување на сообраќајните знаци за дозволена брзина на движење на возилата и сл. Итните случаи се директно поврзани со несреќи и затоа следниве постапки се поврзани со целокупните реакции при итни случаи:

Обезбедени средства за прва помош и заштитна опрема за вработените;

Основна противпожарна опрема. Целокупната опрема ќе се одржува во добра оперативна состојба. Редовни контрола и сервиси на опрема за противпожарна заштита согласно законската регулатива.

Заради навремена заштита од пожар потребно е да се обезбеди доволно простор со цел да се обезбеди брз и непречен пристап во услови на пожар. Со сообраќајното решение во планската документација е предвидено решение кое во услови на пожар обезбедува пристап на противпожарно возило од повеќе страни.

Во општината има противпожарна единица, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар. Другите елементи за противпожарна заштита ќе се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на Основниот проект.

При подготовката на планската документација почитувани се пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14) и Законот за пожарникарство („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 81/07, 55/13 и 158/14), како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти („Сл. Весник на РМ" бр. 94/09), Правилникот за техничките нотмативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари („Сл. Весник на РМ" бр. 31/06) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирањето на просторот. Според постојните анализи и добиените резултати за сеизмичност на месното подрачје според очекуваните дејности на земјотреси во иднина, основен степен на сеизмички итензитет во подрачјето изнесува 8° по МЦС.

Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско-технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите.

За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбата да се гради според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.

Во случај на можни разурнувања било од земјотрес или од воздушен воен удар, планираното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла);
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила;
- непречена интервенција;
- штетите да се сведат на минимум;
- брза санација на последиците.

Мерки за заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Заштита и спасување од лизгање и свлекување на земјиштето

Со оглед на конфигурацијата на теренот , се претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето. При изработка на Основен проект да се изготви Елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Правилник за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл.Весник на Р.С.М бр.231/20).

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примената на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 106/16, 83/18), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14 и 168/2017) и Правилник за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл.Весник на Р.С.М бр.231/20).Да се почитува оваа законска регулатива и при изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (пратечки објекти).

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарни апарати според пропишани стандарди.

Инсталациите, уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Сообраќајниот систем во локалитетот треба да овозможува лесен пристап на пожарните возила. При конципирање на сообраќајот да се планира непречено движење на пожарните возила. Сообраќајниците да се така планирани да овозможуваат непречен пристап на пожарните возила до објектите и да се со доволна широчина (3,5м за еднонасочен сообраќај, односно 5.5 м. за двонасочен сообраќај, согласно член 20 од Службен весник на Р.С.М бр.231/2020), за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

При проектирањето на новопланирани објекти, во документацијата да биде решена и громобранската инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптеретување на новопланираните објекти.

При проектирањето да се има во предвид и обврската за изготвување на техничка документација – Елаборат за зашптита од пожари експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивањена одобрение за градење.

Мерки за заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Мерките за заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и радиолошка, хемиска и биолошка заштита потребно е да се разработата согласно одредбите од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/15 и 106/16) како и другите позитивни прописи со кои се регулира оваа проблематика.

Случајните инциденти може да се идентификуваат како инциденти со оштетувања на инфраструктурните водови во случај на интервенција или механички оштетувања. Овие инциденти немаат битно влијание врз околината, бидејќи можна е брза реакција и запирање на течењето вода преку вентилски уреди. Инфраструктурните водови се водат на пропишани сигурносни растојанија во јасно дефиниран инфраструктурен коридор, така да можните оштетувања се сведени на минимум.

Инфраструктурните водови мора да се постават во сé према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлотацијата, ракувањето и одржувањето.

Заштитата и спасувањето од техничко – технолошките несреќи, опфаќа првземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти кои уптребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.

Превентивни мерки за заштита и спасување од техничко – технолошките несреќи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичко планирање, со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба , редовно

одржување на инсталациите и опремата, како и примена на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа.

Оперативни мерки за заштита и спасување од техничко – технолошките несреќи се активностите за спречување на настанување и намалување и отстранување на предизвиканите последици.

Радиолошката , хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи , сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехрамбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Потребно е да се планираат и можни локации за скалидарење и депонирање на опасните материи кои ќе бидат употребувани во производниот процес, почитувајќи ги техничките норми при планирањето.

Инсталациите, уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии и редовно да се одржуваат во исправна состојба согласно со техничките прописи и правилата на техничката практика.

Заштита и спасување од урнатини

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

-сообраќајната мрежа нема да биде оптеретена со рушевини и ке има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирањето на просторот, урбанизирање на населбите и изградба на објектите. Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Македонија, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја. Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

8. План на мерки за мониторинг на животната средина

За следење на должната анализа, надзорот на локациите или одговорното лице назначено од страна на општината, вклучително и лице за животна средина и градежен инженер, ќе го надгледуваат својот дел од проектните активности според наведеното во планот за следење.

Мерките на ублажување кои се однесуваат на проектните активности вклучуваат, но не се ограничени на употреба на Лична Заштитна Опрема (ЛЗО) од страна на работниците на локациите, спречување на загадувањето на воздухот, количината на вода што се користи и се испушта од локациите, пречистувањето на отпадни води, одржување на прописни санитарни објекти за работниците, собирање на отпадот од различен вид (почва, метали, пластика, опасен отпад, т.е. остатоци од боја, хидраулични моторни масла), количествата на отпад, правилното организирање патишта и објекти за одлагање или, секогаш кога е можно, повторна употреба или рециклирање на отпадот. Надзорот на локациите треба да провери и дали Изведувачот е сообразен со мерките на ублажување како и степенот на имплементација на мерките за ублажување.

Добрата комуникација помеѓу сите инволвирани заинтересирани страни (Изведувач, надзор, општински персонали други релевантни лица од Општина Виница) е многу важна за обезбедување непречено извршување на проектните активности и успешно завршување на целокупниот проект.

За изработка на ефективен план за управување, неопходно е најнапред да се спроведе оцена на статусот на сите природни вредности вклучувајќи го и здравјето на човекот. Во следниот чекор се определуваат цели и приоритети за управување. Дали превземените мерки и активности ги даваат посакуваните резултати се утврдува преку континуиран мониторинг. Податоците од мониторингот ќе бидат основа за изработка на следниот план за управување. Според тоа, мониторингот е составен дел од кружниот процес на планирање на управувањето.

Основни цели на планот за мониторинг се:

• Подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот

стандард;

• Заштита на животната средина со имплементација на Планот;

• Одржување на постојано ниво на флора и фауна;

• Подобрување на квалитетот на воздухот;

• Зачувување на кавалитетот на почвата;

• Минимизирање на отпадот, рециклирање и негова повторна употреба;

• Минимизирање на појави од несреќи и хаварии.

Сепак, тоа најчесто се постигнува низ осмислени научни истражувања чија главна цел е да ги опишат процесите на екосистемите вклучувајќи ги и законите кои влијаат врз нив.

Еколошкиот мониторинг се однесува на последователни мерења во екосистемите со главна цел определување на трендови во компонентите, процесите или функциите.

Со секој предлог мерки за заштитата на животната средина потребно е да се изготви план за мониторинг на предложените мерки и мониторинг на животната средина. Во современото планирање на просторот, задачите на заштита на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина.

Доколку при изработка на УПС и уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природни реткости кои може да бидат загрозени потребно е да се преземат мерки за заштита согласно Законот.

Планот на мониторинг предвидува следење на следните параметри во животната средина:

- Следење на квалитетот и квантитетот на водите;
- Следење на квалитетот на водите;
- Следење на квалитетот на почвата;
- Следење на бучавата.

Со овој план ќе се овозможи:

• Потврда дека договорените услови при одобрување на проектот се соодветно спроведени;

• Управување со непредвидени влијанија и промени;

• Потврда дека влијанијата врз медиумите на животната средина се во рамките на предвидени или дозволени гранични вредности;

• Потврда дека со примена на мерките се врши заштита на животната средина, односно намалување на негативните влијанија.

Препораки:

• При носење на одлуки во постапките за усвојување Планот, да се почитуваат мислењата добиени од надлежните институции, засегнатите страни и засегнатата јавност;

• При изградба на новопланираните објекти да се користат енергетски ефикасни материјали;

• Редовно да се одржуваат системите за водоснабдување и одведување на атмосферските и колуналнуте отпадни води;

• При имплелемтација на Планот, посебно во градежата фаза да се применува добра градежна пракса;

• Урбанизацијата и просторниот развој да се усогласи во согласност со чувствителноста на локацијата подложна на природни непогоди, воени дејствија, технолошки несреќи;

• Преземање на компензациони мерки во случај на направени штети со кои е засегнато населението, нивното здравје и безбедност;

• Примена на мерките предложени во планската документација Извештајот за СОЖС кои предвидуваат мерки за ефикасно користење на просторот, намалување на емисиите во животната средина, со цел избегнување на директните и индиректните ефекти врз медиумите и областите од животната средина и населението, особено мерките за намалување на нивото на бучава, заштита на водите, како и мерките за заштита од несреќи и хаварии.

8.1 План за мониторинг на животната средина

Мониторинг на состојбата на животната средина се врши преку:

Систематско набљудување, испитување и оценување на загадувањето и состојбата на медиумите и областите на животната средина;

Идентификација и регистрирање на изворите на загадување на одделните медиуми и области на животната средина.

Планот за спроведување мониторинг, опфаќа:

Редовно следење на емисиите и влијанијата врз животната средина од изворот на загадувањето, на начин кој е предвиден со посебните закони;

Редовно следење на имисиите во непосредна близина на изворите на загадување определени со посебните закони или прописите донесени врз основа на овој закон;

Редовно следење на искористувањето на природни богатства, на начин што е предвиден со законот или соодветниот пропис.

Со реализација на Планот за мониторинг на животната средина ќе се обезбедат податоци за состојбата на одредени медиуми на животната средина (воздух, вода, почва), како и следење на примената на мерките за ублажување и ефектите од примената на истите. Планот од друга страна претставува алатка во корист на надлежните институции, која овозможува полесна контрола на процесот на спроведување на законската регулатива, со цел донесување правилни одлуки.

Состојбата на комуналните депонии треба да се следи и по нивното затворање. По затворањето процесите во депонијата не запираат, туку процесите на биолошко распаѓање и хемиските процеси кои што создаваат исцедок продолжуваат да се случуваат и можат да влијаат врз квалитетот на животната средина. Грижата и следењето на состојбата на депониите зависи од карактеристиките на депонијата. Членот 10 од Директивата за депонии на Европската Унија бара да се спроведува грижа и следење на состојбата на депонии 30 години по нивното затворање.

Деталноста и обемот на планот за мониторинг зависат од присуството на чувствителни рецептори, веројатните позначителни влијанија врз животната средина и опсегот и природата на отпадот на местото. Фреквенцијата на мониторингот е најчеста во првите 5 години, а потоа мониторингот за одредени медиуми се намалува освен за собирање и третман на исцедок во случаи каде е потребно и предвидено. Исто така се предлага да се основаат една или две лаборатории во Регионалните центри за управување со отпад, каде што ќе можат да изведуваат потребните анализи. Според литературни податоци, максималното време за создавање на депониски гас и негова емисија во атмосферата е 30-40 години по затворање на депонијата. После овој период, само мали емисии на гас може да се емитираат. Од друга страна, мониторингот на исцедокот и програмата за негово управување/грижа завршува кога составот на исцедокот ќе ги задоволи барањата на Македонското законодавство за дозвола за испуст на води во површински реципиенти.

При изработката на програмата за мониторинг во животната средина, земени се во предвид препораките на консултантите, техничкиот дизајн во основните проекти и реалната состојба и е изготвена програма за мониторинг.

Програма за мониторинг

Метеоролошки податоци

Операторот треба да одлучи за начинот на собирање на податоците (на лице место, национална метеоролошка мрежа итн.). Водните биланси се ефективна алатка за проценка дали исцедокот се акумулира во телото на депонијата или дали истекува.

Податоци за емисија: контрола на вода, исцедок и гас.

Примероците од исцедок и атмосферски води мора да бидат собирани на репрезентативни точки. Земањето примероци и мерењето на исцедокот (волумен и состав) мора да се извршува на секоја точка од резервоарот за исцедок (ова се однесува само за депониите каде е предвиден систем за зафаќање на исцедок).

Мониторингот на подземните и површинските води (природни водни текови, реки), само доколку се присутни, ќе се врши на инсталираните бунари за мониторинг на подземните води возводно и низводно, како и на водниот тек.

Бунари за мониторинг на води

3 бунари (пиезометри) треба да бидат инсталирани во секоја затворена депонија (со исклучок на дивите депонии кои само се чистат од отпад или пак ако со сигурност се знае дека во непосредна близина на телото на депонијата нема подземни води.

Пиезометрите ќе бидат поставени на длабочина од 20 м или е детектирана подземна вода до 1 м во аквиферот.

Систем за дренажа на атмосферска вода

Дренажен систем (ров) за дождовна вода ќе се постави на насипите од депонијата и до патиштата од затворената депонија. Ископите мора 2 пати годишно да се одржуваат и чистат од корови, лисја и депозити на песок, доколку се утврди потреба при редовните инспекции и почесто.

Пристапни патишта

Патиштата кај насипите и основата на депонијата и околниот пат при основата од депонијата да се одржуваат и да се чистат 2 пати годишно од корови.

Тело на депонијата

Локацијата треба да се проверува месечно во најмалку две години по затворањето на депонијата за да се осигура дека прекривката на депонијата зараснува со вегетација и за да се провери дали има појава на ерозија или „слегнување" на крајната прекривка. Затворената депонија треба да се мониторира 30 години по затворањето но со помал интензитет отколку во првите 2 години. Исто така многу е важно да не продолжи трендот на илегално депонирање на веќе затворената депонија.

Заштита на подземни води

Параметрите што треба да се анализираат во земените мостри зависат од очекуваниот состав на исцедокот и квалитетот на подземните води во областа. При изборот на параметрите за анализа треба да се земе предвид мобилноста во зоната на подземните води. Параметрите може да вклучуваат параметри на индикатори со цел да се обезбеди рано препознавање на промената во квалитетот на водата.

На секоја депонија, подземните води ќе се следат со 3 пиезометри DN110mm кои треба да бидат најмалку 2 m под нивото на подземни води.

Топографија на локацијата

Површината на депонијата треба редовно да се проверува. Податоците за телото на депонијата треба редовно да се собираат и регистрираат во извештаите за периодична инспекција од страна на операторот на депонијата

План за мониторинг на спроведување на мерките за заштита на животната средина

Кој *Параметар треба да се следи?*	**Каде** *е параметарот што треба да се следи?*	**Како** *треба да се следи параметарот (што и како треба да се мери)?*	**Кога** *треба да се следи параметарот (време и честота)?*	**Кој** *треба да го следи параметарот (одговорност)?*	**Колкав** *е трошокот поврзан со следењето?*
Фаза на изведба					
Безбедност при работењето и на заедницата на проектните локации	Во рамките на проектното подрачје	Визуелни проверки и извештаи Ненајавени инспекции во текот на работите	Ненајавени контроли во текот на работите	Надзор Изведувач	Вклучен во проектниот буџет
Безбеден тек на сообраќајот во проектните подрачја на Фаза на изведба согласно Планот за управување со сообраќајот	Долж и околу проектните подрачја во Општина Виница	Визуелни проверки и извештаи; Проверка на документација во поглед на тоа: - дали се известени сите надлежни власти, - дали се обезбедени сите неопходни дозволи и одобренија, Визуелни проверки на транспортот на материјали, коридори и премини за пешаците, регулација на сообраќајот, итн.	Во текот на активностите	Изведувач, Надзор	Вклучен во проектниот буџет
Собирање, транспорт и трајно	На и околу проектните локации во Општина Виница	Визуелно следење и инспекција на транспортните листи на	Секојдневно, по собирањето и превозот на цврстиот отпад	Изведувач; Надзор на активностите;	Дел од редовните

Кој *Параметар треба да се следи?*	**Каде** *е параметарот што треба да се следи?*	**Како** *треба да се следи параметарот (што и како треба да се мери)?*	**Кога** *треба да се следи параметарот (време и честота)?*	**Кој** *треба да го следи параметарот (одговорност)?*	**Колкав** *е трошокот поврзан со следењето?*
одлагање на отпад, согласно планот за управување со отпадот		Изведувачот	Цврстиот отпад не треба да се остава на градежните локации, за да се избегне негативно влијание врз локалната животна средина	Изведувач, Надзор, Овластен инспектор за животна средина	трошоци на Изведувачот
Собирање и превоз на опасниот отпад според Планот за управување со отпад	На привремената безбедна локација на градежните локации, во засебни метални покриени контејнери за отпад	Инспекција на транспортните листи и на условите во складиштето	Пред транспортот на опасниот отпад	Изведувач, Надзор, Овластен инспектор за животна средина	Дел од редовните трошоци на Изведувачот
Нивоа на бучава и вибрации	На и околу проектните локации во Општина Виница	Пратење на состојбата и мерење и анализа на бучава	Во случај на поплака или на негативен инспекциски наод	Изведувач, Надзор, Овластено друштво за мерење на нивото, обезбедено од Изведувачот; Овластен инспектор за животна средина	Дел од редовните трошоци на Изведувачот
Загадување на воздухот Параметри за прашина и честички	Во рамките на проектните локации	Земање примероци од страна на овластена агенција	Во случај на поплака или на негативен инспекциски наод	Надзор Изведувач	Буџет на Изведувачот
Загадување на воздухот Параметри за прашина и честички	Во рамките на проектните локации	Визуелна проверка на дневно ниво	На дневно ниво, за веме на изведба на активностите	Надзор Изведувач	Буџет на Изведувачот

Кој *Параметар треба да се следи?*	**Каде** *е параметарот што треба да се следи?*	**Како** *треба да се следи параметарот (што и како треба да се мери)?*	**Кога** *треба да се следи параметарот (време и честота)?*	**Кој** *треба да го следи параметарот (одговорност)?*	**Колкав** *е трошокот поврзан со следењето?*
Загадување на водата Во проектниот опфат на Фаза на изведба Општина Виница	Покрај реките, речните корите во близина на проектов (проектниот опфат)	Визуелни проверки за да се утврди дали отпадот се фрла близу / во реката, речното корито	Редовно	Изведувач Надзор	Дел од редовните трошоци на Изведувачот
Загадување на почвата Во проектниот опфат на Фаза на изведба Општина Виница	Покрај реките, речните корите во близина на проектов, проектниот опфат	Визуелни проверки за да се утврди дали има истекувања на почва или речното корито	На дневно ниво, за веме на изведба на активностите	Изведувач Надзор	Дел од редовните трошоци на Изведувачот

9. НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОК

Предмет на овој Извештај за стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Виница, е дел од Проектот ИПА 2 „Затворање на депонии и депонии кои не се усогласени во источниот регион“ (ЛОТ1). Потребата од реализирање на проектните активности за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, општина Виница произлегува од различните еколошки ризици кои потекнуваат од неконтролираните комунални депонии.

Во извештајот за Стратегиската оцена за животна средина се земени се детали од планот, програмите и стратегиите, како и информациите кои се утврдени при изготвувањето, а се од особено значење за можните влијанија за животната средина.

Извештајот на овој плански документ ги опфаќа податоците за:

• Постојната состојба на планскиот опфат;

• Потенцијалните влијанија врз населението, здравјето на луѓето, флората, фауната, почвата, воздухот, водата, климатските фактори, материјалните добра, културното наследство и др.

• Мерките за заштита и намалување на влијанијата;

• Краток преглед за причините врз основа на кој се одвиваат алтернативите;

• Состојбата на животната средина без имплементацијата на планот;

• Планот за мониторинг на животната средина.

Во Планот за затворање и понатамошна грижа на нестандардни депонии изработен од Министерство за животната средина и просторно планирање (2011) и во техничкиот извештај за затворање, рехабилитација и понатамошна грижа на нестандардни комунални и диви депонии во Источен и Североисточен регион, предложени се неколку варијанти модели за затворање на депониите и тоа:

- покривање на отстранетиот отпад;

- покривање и заптивање на инсталацијата;

- воспоставување мерки за управување со исцедокот и мерки за управување со депонискиот гас, како дополнување на покривањето и заптивањето на отстранетиот отпад.

Изборот на соодветното решение е базиран врз извршеното пресметување на ризикот за секоја дадена депонија, со акцент на следниве аспекти:

- природата и чувствителноста на можните рецептори или цели што се изложени на ризик; и

- староста и големината на депонијата или одлагалиштето, особено длабочината на отстранетиот отпад како параметар за определување на потенцијалот за произведување на исцедок и за емисии на депониски гас.

Привремената општинска депонија за комунален отпад во Виница, е лоцирана во месноста „Врши Дол", во непосредна близина на с. Лески околу 800 m. Од сите страни е опколена со ниви и пасишта, а во непосредна близина на депонијата поминуваат патните правци P2334 и P1304.

Општинската депонија е формирана и се користи од 1975 година. Депонијата се простира на површина од 31.743 m^2. На депонијата главно се отстранува комунален отпад. Според проценките волуменот на отстранетиот отпад на депонијата изнесува околу 115.780 m^3. Површината повремено се натапкува со булдожер и повремено се препокрива.

Комуналната депонија во Општина Виница врз основа на повеќе критериуми е рангирана како депонија со низок ризик. Оваа депонија ќе биде затворена согласно предвиденото Сценарио 1 - затворање во еден чекор и според Моделот „B" - безбедно отстранување In-sity (на самото место, со систем за одведување на биогасот).

При изведувањето на активностите за затворање на депонијата (земјани работи, ископ на отпад, набивање, изградба на пристапни патишта и друго), покрај влијанијата кои може да ги продуцира проектот, треба да се направи и проценка на ризикот и еколошката несреќа која може да настане доколку не се реализира проектот, како што се на пример:

- Загадување на подземни и површински води од исцедокот од депонијата;
- Експлозија од гасови и загадување на воздухот при избивање на пожари;
- Непријатна миризба, разнесување на прашина;
- Загадување на почва.

За време на санацијата се можни мали негативни ефекти врз компонентите на животната средина: воздух, вода и почва, како и промена на нивото на бучава, кои ќе бидат ограничени на самата местоположба на проектот.

Реализацијата на проектните активности за затворање, санација и рехабилитација на нестандардните депонии е од големо значање бидејќи претставува огромен чекор кон намалување на влијанијата врз животната средина од неправилното постапување со отпадот. Придобивките кои овој проект се очекува да ги има животната средина и здравјето на луѓето се следните:

- намалување на влијанијата врз воздухот и водите предизвикано од непрописните депонии и други начини на неправилно отстранување на отпадот;
- намалување на потенцијалот на опасност на депонираниот отпад од производниот и услужниот сектор;
- намалување на емисиите на стакленички гасови од депониите;
- намалување на потенцијалот за здравствен ризик од инфективниот медицински отпад и животинските нус-производи;
- намалување или ублажување на влијанието врз животната средина што го предизвикуваат несоодветните депонии за комунален цврст отпад и индустриските и рударските оптоварувања на животната средина;

- можност за пренамена на просторот и користење како отворен простор и место за рекреација (изградба на паркови или спортски објекти), доколку анализите покажат дека почвата и околното земјиште не е загадено со опасни материи.

Од анализите се заклучува дека санацијата и конечното затворање на депонијата за комунален отпад е неопходна и дека реализацијата на овој проект ќе има голем придонес во интегрираното управување со отпад, но и генерално подобрување на состојбата на разгледуваните медиуми и области на животната средина. При реализирање на проектот, неопходно е доследна примена на сите предвидени мерки за спречување или ублажување на негативните влијанија во целокупната проектна документација.

Кога станува збор за мониторинг за животната средина се дава можност за испитување, оценување и системско набљудување на загадувањето и состојбата на медиумите во животната средина како и идентификација и регистрација на изворите на загадување. Планот на мониторингот претставува алка помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции во кој ќе го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат одлуки.

Најголем бенефит во спроведувањето на стратегиската оцена на животната средина е во вклучување на аспектите од полето на социјалата, економијата и животната средина, меѓусебната соработка, развој на регионалните цели и целите за одржлив развој и заштита на животната средина и луѓето.

Проектна документација е изработена во согласно со Проектната програма одобрена од надлежен орган и Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ" бр. 225/20).

Конфигурацијата на теренот заедно со урбанистичките стандарди и нормативи во планирањето на просторот како и насоките од Условите за планирање на просторот, во голем дел ја насочуваат концепцијата на разработката.

Со урбанистичката документација почитувани се основните начела во процесот на урбанистичкото планирање и уредување на просторот, а тоа се:

- интегрален пристап на планирањето
- грижа за развој на регионалните особености
- остварување на јавен интерес и заштита на приватниот интерес
- хоринзонтална и вертикална усогласеност и координација
- уважување на научно и стручно утврдените факти и стандарди. Применети се сите методолошки начела за применување на правилникот за урбанистичко планирање.

10. Прилози

ПОДАТОЦИ И ИНФОМАЦИИ ОД НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ И КОМУНАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Прилог 1 Допис бр.2001-3834/2 од 01.09.2022 год ЈП Железници дека на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во нивна сопственост.

Прилог 2 Допис бр. 12-8/910 од 29.08.2022 год. од Агенцијата за цивилно воздухопловство дека во рамките на предметниот проектен опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство а градбите во предметниот проектен опфат не претставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај поради што истито може да се планира без посебни услови и ограничувања од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Прилог 3 Допис од ЕВН (допис бр.10-26/4-202 од 30.08.2022 год.) дека во рамките на предметниот проектен опфат нема електрична мрежа во сопстевност на ЕВН.

Прилог 4 Известување од АД МЕПСО (допис бр.11-4753/1 од 05.09.2022 год.) дека предметниот проектен опфат не се пресекува со објекти во нивна сопственост.

Прилог 5 Допис од Телеком (допис бр.45459 од 01.09.2022 год.) дека низ предметниот проектен опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Прилог 6 Допис од АЕК (допис бр. 1404-2511/2 од 09.09.2022 год) дека на посочената локација нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и ситеми.

Прилог 7 Допис бр. 11.2.99955/2 од 26.10.2022 год. од Министерство за внатрешни работи дека нема податоци за постоење на нивни инсталации во рамките на предметниот проектен опфат. Доколку во текот на изведувањето на градежните работи се појават телекомуникациони инсталации, задолжително да се информира МВР.

Прилог 8 Допис од НЕР (допис бр. 15-2536/2 од 31.08.2022 год.) дека низ предметниот проектен опфат нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа .

Прилог 9 Допис бр. 11-7342/4 од 02.11.2022 год. Министерството за животна средина и просторно планирање, Сектор природа констатира дека предметниот проектен опфат не влегува во граници на заштитено подрачје.

Прилог 10 Допис бр. 11-2573/2 од 20.10.2022 год. АД Водостопанство дека во рамките на предметниот проектен опфат нема свои обејкти и инфраструктура.

Прилог 11 Допис бр. 08-2671/2 од 19.10.2022 год. Управата за заштита на културното наследство при Министерство за култура дека во рамките на предметниот проектен опфат не постои културно наследство ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство

Прилог 12 Услови за планирање тех. Бр. Y42322

Прилог 13 Местоположба на локацијата и ружа на ветрови

Прилог 14 Извод од просторен план – користење на земјиштето

Прилог 15 Извод од просторен план – систем на населби и сообраќајна мрежа

Прилог 16 Извод од просторен план – водостопанска и енергетска инфраструктура

Прилог 17 Извод од просторен план – реонизација и категоризација на просторот за заштита

Прилог 18 Географска местоположба

Прилог 19 Сателитска снимка

Прилог 20 Уверение за положен стручен испит за стекнување статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

Прилог 1 Допис бр.2001-3834/2 од 01.09.2022 год ЈП Железници

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

Бр. 2001-3834/2
01-09-2022 год./vit

До

"ИНГРА" -Скопје

ул.Скупи 3А бр.40А , 1000Скопје

Предмет: Одговор на барање

Во врска со вашето барање со број 92-1/22 од 08.2022 , и 45459 од е-постапка со кое барате податоци, информации за изработка на **" Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на локална депонија за одлагање на неопасен отпад со намена Е3.1, Општина Виница"**, ЈП за Железничка Инфраструктура, Железници на РСМ-Скопје Ви ги дава следните информации:

По разгледување на Вашето барање и доставената Ажурирана геодетска подлога, констатиравме дека на проектниот опфат на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје.

Со почит,

Пом. Директор за пруги

Driton Rusi

Изработил: Борис Огњанов д.г.и.

Согласен: Весна Стеваноска д.г.и.

Прилог 2 Допис бр. 12-8/910 од 29.08.2022 год. Од Агенцијата за цивилно воздухопловство

00

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

До: **ИНГРА ДООЕЛ Скопје**

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. 92-1/22 од 29.08.2022 година
(e-urbanizam, постапка бр. 45459)

бр. 12-8/910
Скопје, 29.08.2022 година

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, Ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНА ДЕПОНИЈА ЗА ОДЛАГАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД СО НАМЕНА Е 3.1, ОПШТИНА ВИНИЦА

при што утврдија дека во предметниот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а градбите во планскиот опфат не претставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот **може да се планира без посебни услови и ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Билјана Јованова
(по овластување од Директорот бр.02-537/1 од 18.05.2022 година)

Biljana Jovanova

Digitally signed by Biljana Jovanova
DN: c=MK, ou=VAT - 4080010516712, 2.5.4.97=NTRMK-6648649, o=Agencija za civilno vozduhoplovstvo, serialNumber=168951, title=vozduhoplovен inspektor, sn=Jovanova, givenName=Biljana, cn=Biljana Jovanova
Date: 2022.08.29 14:42:34 +02'00'

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

Прилог 3 Допис од ЕВН (допис бр.10-26/4-202 од 30.08.2022 год.)

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-26/4 – 202 **од** 30.08.2022 год
Скопје

Одговорно лице: Марко Бирачоски

Контакт телефон: +389 72 933 219

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,
Во врска со Вашиот допис број 92-1/22 од 08.2022 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНА ДЕПОНИЈА ЗА ОДЛАГАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД СО НАМЕНА Е3.1, ОПШТИНА ВИНИЦА,Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☐ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа

☒ Друго – Нема електрична мрежа во сопственост на ЕВН

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,
Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

MARKO BIRAChOSKI
Digitally signed by MARKO BIRAChOSKI
Date: 2022.09.05 10:23:04 +02'00'

Прилог 4 Известување од АД МЕПСО (допис бр.11-4753/1 од 05.09.2022 год.)

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

Ингра ДООЕЛ
ул.Скупи ЗА, бр.40А
1000, Скопје

Бр.11-4753/1

05.09.2022

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање бр. 92-1/22 од 08.2022 година, предмет креиран на Е-урбанизам на 29.08.2022 година со број на постапка 45459, (наш број 11-4753 од 05.09.2022 година) за податоци и информации потребни за изработка **на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНА ДЕПОНИЈА ЗА ОДЛАГАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД СО НАМЕНА Е3.1, ОПШТИНА ВИНИЦА,** Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Ангела Георгиевска

Проверил: Јасмина Ставрова

Eli Popovska

Digitally signed by Eli Popovska
Date: 2022.09.07 13:20:44 +02'00'

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС и геодетски работи

Прилог 5 Допис од Телеком (допис бр.45459 од 01.09.2022 год.)

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 45459
Дата: 01.09.2022

До
Трговско друштво со ограничена одговорност за проектирање, изведување и инженеринг
ИНГРА ДООЕЛ СКОПЈЕ
Ул.СКУПИ 3А бр.40, Скопје-Карпош

Ваше упатување: Барање на податоци и информации

Наше контакт лице: Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева

Телефон: +389 70 200 736; +389 70 200 571

Во врска со: Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНА ДЕПОНИЈА ЗА ОДЛАГАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД СО НАМЕНА Е3.1, ОПШТИНА ВИНИЦА, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков

NIKOLChE TASEVSKI
Digitally signed by NIKOLChE TASEVSKI
Date: 2022.09.01 11:50:42 +02'00'

Прилог 6 Допис од АЕК (допис бр. 1404-2511/2 од 09.09.2022 год.)

Наш број: 1404-2511/2
Скопје: 09. 09. 2022 г

ДО:
ИНГРА
ул.„Скупи 3А" бр.40А
1000 Скопје

Предмет: Одговор за барање за податоци за ТК инсталации
Врска: Ваш број 92-1/22 од 08.2022г. преку е-урбанизам

Почитувани,

Во врска Вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи потребни за изработка на а УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНА ДЕПОНИЈА ЗА ОДЛАГАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД СО НАМЕНА Е3.1, ОПШТИНА ВИНИЦА, према доставената ситуација, ве известуваме дека на посочената локација Агенцијата за електронски комуникации нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Со почит,
Сектор за телекомуникации

Изработил: С. Јовевска 05.09.2022 С Јовевска
Раководител на сектор
Д-р Борис Арсов

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

www.aek.mk
Агенција за електронски комуникации
Кеј Димитар Влахов бр. 21
1000 Скопје
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

Прилог 7 Допис бр. 11.2.99955/2 од 26.10.2022 год.

Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи

- Оддел за информатика и телекомуникации-
Сектор за телекомуникации

Рег. бр. 11.2.99955/2
Скопје, 26.10.2022

31 -10- 2022

До:
ИНГРА
ул. Скупи 3/а бр.40А
1000 Скопје

Предмет: Одговор по барање податоци за постоечки инсталации, доставува.-
Врска: Ваш акт бр. 92-1/22 од 10.2022 год.

Во врска со Вашето барање, Ве известуваме дека за посочената локација (УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЗАТВОРАЊЕ, САНАЦИЈА И ПОНАТАМОШНА ГРИЖА ЗА НЕСТАНДАРДНА ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД, ОПШТИНА ВИНИЦА) немаме податоци за постоење на наши инсталации. Доколку во текот на изведување на градежните работи се појават телекомуникациони инсталации, задолжително да бидеме информирани.

Со почит,
Лице за контакт: Ефтим Панов, тел: 072/228-556 лок. 37-00

НАЧАЛНИК НА СЕКТОР
Јане Стојанов

Подготвил: Ефтим Панов
Согласен: Дејан Костадинов

Изработено во: 1 (еден) примерок
и 1 (една) копија и доставено до:
- Примател - примерок 1
- Архива на сектор – копија

Прилог 8 Допис од НЕР (допис бр. 15-2536/2 од 31.08.2022 год.)

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост

бул. Климент Охридски бр.58 б, Скопје
тел. 02 6090-137
факс 02 6090-437
contact@mer.com.mk
www.mer.com.mk
ЕМБС: 6664903

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје
со државна сопственост
Shoqëria Aksionare për kryerjen e veprimtarive energjetike
RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup
në pronësi shtetërore

До:
ИНГРА ДООЕЛ Скопје

Бр.-№: 15-2536/2
31. 08. 2022 год.viti
Скопје-Shkup

Предмет: Одговор на барање

Врска: Барање податоци и информации, со ваш бр. 92-1/22 од 29.08.2022 год.

Согласно вашето Барање податоци и информации, за УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНА ДЕПОНИЈА ЗА ОДЛАГАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД СО НАМЕНА Е3.1, ОПШТИНА ВИНИЦА, со ваш бр. 92-1/22 од 29.08.2022 година,

НЕР АД Скопје, Ве известува дека на наведениот плански опфат, нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

Со почит,

Изработил:
Александар Апостолоски
2172

НЕР АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем

Оливера Костанчева

Прилог 9 Допис бр. 11-7342/4 од 02.11.2022 год. Министерството за животна средина и просторно планирање, Сектор природа

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ПРИРОДА - SEKTORI I NATYRËS

Арх. Бр./Nr.Arh. 11-7342/4
Дата/Data: _____ год./viti

02-11-2022

ДО/DERI TE: "ИНГРА" ДООЕЛ
ул. "Скупи ЗА" бр.40А
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ/LENDA: Одговор на барање

ВРСКА/LIDHJA: Ваш број. 92-1/22 од 10.2022
Наш број. 11 –7342/1 од 07.10.2022

Почитувани,
I nderuar,

Во врска со доставениот допис со акт бр. 11-7342/1 од 07.10.2022 година кој се однесува на барање за известување, податоци, информации и мислења, а се однесува за предметен опфат за кој е отпочната постапка за изработка на "Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад во Општина Виница", Секторот за природа при Управата за животна средина како орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање од аспект на своите надлежности од областа на заштита на природата и увидот на доставената документација, Ве известува за следното:

Согласно мислење од Служба за просторно информативен систем (бр. 16-7342/3 од 25.10.2022), како и согласно евиденцијата на природно наследство на територијата на Република Северна Македонија и Секторска Студија за заштита на природното наследство, изготвена за потребите на

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Прилог 10 Допис бр. 11-2573/2 од 20.10.2022 год. АД Водостопанство

АД Водостопанство на РСМ - Скопје
SHA Ekonomia e Ujërave të RMV-Shkup
ул. 3 - та Македонска бригада 1 бр.10 а Скопје тел. 02/5116-401;02/5116-402
rr. Brigada e 3- të Maqedonase 1 nr. 10 a Shkup tel. 02/5116-401; 02/5116-402
jpvodostopanstvo@yahoo.com / advodostopanstvo_rm@hotmail.com

Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост
Shoqëria Aksionare Ekonomia e Ujërave e Republikës së Maqedonisë së Veriut në pronësi shtetërore
Бр.-Nr. 11-2573/2
20.10 2022 год./viti
Скопје/Shkup

ДО: „Ингра"
Ул:"Скупи 3А" бр. 40А, Скопје - Карпош

Предмет: Известување
Врска: Ваш бр.92-1/22 од 10.2022 и наш бр. 2573 од 10.10.2022

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,
Во врска со вашето барање со Ваш бр. 92-1/22 од 10.2022 и наш бр. 2573 од 10.10.2022 за издавање на податоци и информации за постоечки и планирани објекти кои се во надлежност на АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје, а имаат влијание во постапката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандарна депонија за комунален отпад, Општина Виница,

Ве известуваме:
АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје, во границите на планскиот опфат за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандарна депонија за комунален отпад, Општина Виница, **нема свои објекти и инфраструктура.**

Со Почит;

Изработил: Мирјана Чемкова
Контролирал/ Одобрил:
Коста Малзарков

АД „Водостопанство на РСМ" – Скопје
SHA „Ekonomia e Ujërave të RMV" - Shkup
Главен извршен директор
Drejtor Gjeneral Ekzekutiv
Llokman Limani

Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост
Shoqëria Aksionare Ekonomia e Ujërave e Republikës së Maqedonisë së Veriut në pronësi shtetërore
Скопје
Shkup

Прилог 11 Допис бр. 08-2671/2 од 19.10.2022 год. Управата за заштита на културното наследство при Министерство за култура

Република Северна Македонија

Министерство за култура

УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Бр. 08 – 2671/2
19.10.2022 година
Скопје

ДО

ИНГРА дооел Скопје
ул. „Скупи ЗА“ бр. 40А
1000 Скопје

Предмет: Доставување на податоци
Врска: Ваше барање бр.92 – 1/22 од 10.2022 година.

Во врска со вашето барање за добивање податоци за постоење на културно наследство за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, општина Виница, Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Со почит,

в.д. Директор,
Аријан Асланај

Изработил: З. Тодоровски
Одобрил: м-р Б. Јовановска

Управа за заштита на културното наследство
Directorate for Protection of Cultural Heritage

ул. „Павел Шатев “ бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

Прилог 12 Услови за планирање тех. Бр. Y42322

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

наменети за затворање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад на дел од КП 70, дел од КП 71, дел од КП 79, дел од КП 80/1, КП 81 во КО Лески и дел од КП 1155/1 во КО Градец


ОПШТИНА ВИНИЦА

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y42322

Скопје,ноември 2022

Прилог 13 Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Прилог 14 Извод од просторен план – користење на земјиштето

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ


Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето *Карта бр. 20*

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



Прилог 15 Извод од просторен план – систем на населби и сообраќајна мрежа

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020


МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа *Карта бр. 22*



Прилог 16 Извод од просторен план – водостопанска и енергетска инфраструктура


ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура *Карта бр. 23*



Прилог 17 Извод од просторен план – реонизација и категоризација на просторот за заштита

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ


Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина


Реонизација и категоризација на просторот за заштита *Карта бр. 24*

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



Прилог 18 Географска местоположба



УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛА
ЗА ЗАТВОРАЊЕ, САНАЦИЈА И ПОНАТАМОШНА ГРИЖА З
НЕСТАНДАРДНА ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД
ОПШТИНА ВИНИЦА
URBAN PROJECT OUTSIDE THE SCOPE OF THE URBAN PLAN
ON THE CLOSURE, REHABILITATION AND FURTHER CARE OF A
NON-STANDARD LANDFILL FOR MUNICIPAL WASTE
VINICA MUNICIPALITY

ЛЕГЕНДА :


ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
BOUNDARIES OF DESIGN SCOPE

ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА
GEOGRAPHICAL POSITION

Подготовка на техничка и тендерска документација за затворање на несоодветните депонии во Источниот и Североисточниот регион на РМ
Preparation of technical and tendering documentation for closure of noncompliant landfills / dumpsites for the East and Northeast region

ПРОГРАМА; Programme name: Lot 1: Затворање на нестандардни депонии во источен регион / Lot 1: Closure of Non-compliance Landfills and Dumpsites in East region.	ДОГОВОРЕН ОРГАН; Contracting Authority: Сектор за Централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД), Министерство за финансии на РМ / Central Financing and Contracting Department (CFCD), Ministry of Finance
ФИНАНСИЕР НА ПРОЕКТОТ.: Project Financier: Европска Унија / European Union	КОРИСНИК: Beneficiary: Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ / Ministry of Environment and Physical Planning
Договор бр.: Contract No.: 12-2190/1 - EuropeAid/139269/IH/WKS/MK	НОСИТЕЛ НА ПРОЕКТОТ: Contractor: Goksln Insaat (TR) & Eskavatorl-MK
Технички број: 92/22 / Technical no. 92/22	ИЗГОТВУВАЧ НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА: Designer of design documentation: ИНГРА ДООЕЛ СКОПЈЕ / INGRA DOOEL SKOPJE
надзор: supervisor:	
планер потписник: planner signatory: Анче Димитриевска Тоневска, дипл.инж.арх. овластување бр. 0,0102 / Anche Dimitrievska Tonevska,Bsc authorization no 0,0102	ПРОЕКТ: Project: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЗА САНАЦИЈА И ПОНАТАМОШНА ГРИЖА ЗА НЕСТАНДАРДНА ДЕПОНИЈА ОПШТИНА ВИНИЦА / URBAN PROJECT OUTSIDE THE SCOPE OF THE URBAN CLOSURE PLAN, REH FURTHER CARE OF A NON-STANDARD LANDFILL FOR MUNICIPAL WASTE, VI
планер: planner: Ана Ѓорѓиевска, дипл.град.инж. овластување бр. 0,0430 / BSc. Ana Gjorgjievska authorization no. 0,0430	Цртеж: Drawing: ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА / GEOGRAPHICAL POSITION
почеток на реализација: Initial release date: 02/23	размер: scale: 1:25000 — Прилог: Appendix: 1 — AutoCAD FILE: URBAN PROJECT FOR RES

Прилог 19 Сателитска снимка



УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЗАТВОРАЊЕ, САНАЦИЈА И ПОНАТАМОШНА ГРИЖА ЗА НЕСТАНДАРДНА ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД ОПШТИНА ВИНИЦА
URBAN PROJECT OUTSIDE THE SCOPE OF THE URBAN PLAN ON THE CLOSURE, REHABILITATION AND FURTHER CARE OF A NON-STANDARD LANDFILL FOR MUNICIPAL WASTE VINICA MUNICIPALITY

ЛЕГЕНДА :

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
BOUNDARIES OF DESIGN SCOPE

0 5 10 20 30 50 100

297/550

САТЕЛИТСКА СНИМКА
SATELLITE IMAGE

M=1:2500

Подготовка на техничка и тендерска документација за затворање на несоодветните депонии во Источниот и Североисточниот регион на РМ
Preparation of technical and tendering documentation for closure of noncompliant landfills / dumpsites for the East and Northeast region

ПРОГРАМА: Programme name: Lot 1: Затворање на нестандардни депонии во источен регион / Lot 1: Closure of Non-compliance Landfills and Dumpsites in East region.	ДОГОВОРЕН ОРГАН: Contracting Authority: Сектор за Централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД), Министерство за финансии на РМ / Central Financing and Contracting Department (CFCD), Ministry of Finance
ФИНАНСИЕР НА ПРОЕКТОТ: Project Financier: European Union	КОРИСНИК: Beneficiary: Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ / Ministry of Environment and Physical Planning
Договор бр.: Contract No.: 12-2190/1 - EuropeAid/139269/IH/WKS/MK	НОСИТЕЛ НА ПРОЕКТОТ: Contractor: Goksin Insaat (TR) & Eskavatori-MK
Технички број: 92/22 Technical no. 92/22	ИЗГОТВУВАЧ НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА: Designer of design documentation: ИНГРА ДООЕЛ СКОПЈЕ / INGRA DOOEL SKOPJE
надзор: supervisor:	
планер потписник: planner signatory: Анче Димитриевска Толевска, дипл.инж.арх. овластување бр. 0.0102 / Anche Dimitrievska Tolevska, Bsc authorization no 0.0102	ПРОЕКТ: Project: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЗАТВОРАЊЕ, САНАЦИЈА И ПОНАТАМОШНА ГРИЖА ЗА НЕСТАНДАРДНА ДЕПОНИЈА ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД , ОПШТИНА ВИНИЦА / URBAN PROJECT OUTSIDE THE SCOPE OF THE URBAN CLOSURE PLAN, RENOVATION AND FURTHER CARE OF A NON-STANDARD LANDFILL FOR MUNICIPAL WASTE, VINICA MUNICIPALITY
планер: planner: Ана Ѓорѓиевска, дипл.град.инж. овластување бр. 0.0430 / Bsc. Ana Gjorgjievska authorization no. 0.0430	Цртеж: Drawing: САТЕЛИТСКА СНИМКА / SATELLITE IMAGE

Прилог 20 Уверение за положен стручен испит за стекнување статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број 12-770/8
Датум: 08.02.2017 година

УВЕРЕНИЕ

за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

Дуданова-Лазаревска Костадин Габриела родена на 11.04.1969 година во Виница, дипломирала на ден 26.03.1993 на Текстилно-технолошкиот факултет во Загреб, го положи **стручниот испит за стратегиска оцена на животната средина** на ден 31.01.2017 година и се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина** и ги исполнува условите утврдени во член 85 став 2 од Законот за животна средина, а со тоа се стекнува со право да биде вклучена во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер
Bashkim Ameti

М.П